# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН И ЕДУКАТИВЕН МЕСЕЧНИК

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 160 ■ март 2019 ■ www.amerit.org.mk

## ИНТЕРВЈУ



**М-Р ОЛИВЕРА МИОВСКА**

раководител на Секторот за ТИР и товарен сообраќај при СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ

## ТЕХНОЛОГИЈАТА И АВТОМАТИЗАЦИЈАТА СЕ ИДНИНАТА НА ПАТНИОТ ТРАНСПОРТ



## АКТУЕЛНО

По четирите успешни сезони

### АМЕРИТ И РИСТО ВУКОВ ЈА ПРОДОЛЖУВААТ БЕСПРЕКОРНАТА СОРАБОТКА

## ТЕМА НА БРОЈОТ

По некои иницијативи и барања за задолжителна соработка

### И ДОМАШНИТЕ ТРАНСПОРТЕРИ САКААТ ПОВЕЌЕ РАБОТА КАЈ СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ







АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk

# НЕКА ОРИГИНАЛОТ ОСТАНЕ ОРИГИНАЛ.




## MAN оригинални резервни делови.

Во тек е специјална понуда на резервни делови за која може да се информирате во нашиот продажно сервисен центар.

МАН Импортер Македонија д.о.о.е.л., Ул. 2. бр. 84, Илинден, МК – 1000 Скопје
телефон: 02 5115 080, факс: 02 2550 703, e-mail: man@mantruck.mk, www.mantruck.mk

MAN



РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО
ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА
МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ
АТП ПРЕГЛЕД
ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО
КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ
ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ
СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ
ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113
MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk
МОТО АМЕРИТ

TRAEKT.MK

РЕЗЕРВАЦИЈА НА ТРАЕКТ, ТУНЕЛ, МОСТ, ВОЗ
ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Тел: 02 32 98 967 | e-mail: traekt@amerit.org.mk | www.traekt.mk

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE
IRU





| [ АПРИЛ ] | | | |
|---|---|---|---|
| **ВОЗАЧИ** | | | |
| ОБУКА | Понеделник | 01.4.2019 | [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Вторник | 09.4.2019 | |
| **УПРАВИТЕЛИ** | | | |
| ПОЛАГАЊЕ | Понеделник | 01.4.2019 | |
| **АДР** | | | |
| ОБУКА | Вторник | 02.4.2019 | [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Среда | 10.4.2019 | |
| **АДР СОВЕТНИЦИ** | | | |
| ПОЛАГАЊЕ | Вторник | 02.4.2019 | |

ЦЕНТАР ЗА ОБУКА | СЕРТИФИКАТИ | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. 02/ 32 98 967 лок.130
e-mail: obuka@amerit.org.mk

## АКТУЕЛНО




8

По четирите успешни сезони

**АМЕРИТ и Ристо Вуков ја продолжуваат беспрекорната соработка**


## ТЕМА НА БРОЈОТ




9

По некои иницијативи и барања за задолжителна соработка

**И домашните транспортери сакаат повеќе работа кај странските инвеститори**


## ИНТЕРВЈУ




13

М-р Оливера Миовска, раководител на Секторот за ТИР и товарен сообраќај при СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ

**Технологијата и автоматизацијата се иднината на патниот транспорт**

**12 АКТУЕЛНО**

Статистика за последното ланско тримесечје

Зголемен бројот на превезени патници во патниот превоз

17 Со потпишување на спогодба меѓу МНР на Северна Македонија и Грција

Подготовки за реализација на новиот граничен премин Маркова Нога – Лемос

**18 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Главните и најголеми градежни работи се завршени

Автопатот Миладиновци – Штип во употреба по довршувањето на сервисните патишта

19 Во меѓународната активност на нашите државни претставници во првиот пролетен месец

Патните проекти во фокусот на разговорите со колегите од регионот

**20 ЦАРИНА**

Со евалуација на досегашното функционирање на меѓуинституционалното тело

Промовиран Националниот координативен центар за сузбивање на организиран криминал

21 Со порастот на онлајн-купувањето

Царинската управа со поедноставени увозни постапки за брзи пратки

**22 МЕТРОПОЛА**

Објавен меѓународниот тендер за набавка на екоавтобуси за ЈСП – Скопје

Првите треба да стасаат до крајот на годинава, а сите – следната пролет

23 Според градоначалникот Петре Шилегов

Со проектот „Паметен град" Скопје ќе стане модерна престолнина

**24 МЕРИДИЈАНИ**

Конференција ИРУ – ЕУ за постигнување на една од амбициозните климатски цели

Реинвестирање во патните трошоци за унапредување на декарбонизацијата на транспортот

**28 БЕЗБЕДНОСТ**

РСБСП по повод „8 Март" – Денот на жената

Жените се совесни возачи кои возат безбедно

29 Пролетната раздвиженост по улиците носи и големи ризици

Пешаците и понатаму се меѓу најзагрозените учесници во сообраќајот

**30 КАМИОНИ**

**38 ТРАНСПОРТЕН БИЛТЕН**

**42 ТРАНСПОРТНА БЕРЗА**



ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје

Телефон: 02 32 98 224

Факс: 02 32 98 968

e-mail: amerit@amerit.org.mk

web: www.amerit.org.mk

facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT

жиро-сметка: 320100023724261

Депонент: Централна кооперативна банка АД

Даночен број: 4030000394212

Адреса:
ул. „1506" бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје

Телефон: 02 32 98 967

Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ

Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти" - Скопје

Дизајн и печатење:
ЕВРОПА 92, Кочани

Лектура:
Матилда Саздова


ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

## Пожар и некои други опасности

Заштитете го вашиот имот од пожар, удар од гром, поплава, удар од непознато моторно возило и други видови опасности.

## Домаќинско

Заштитете го вашиот дом од пожар, кражба и одговорности од трети лица.

## Кражба и разбојништво

Не дозволувајте вашата компанија да биде цел на кражба и разбојништво..

## Машини

Осигурајте ги вашите машини од расипување.

## Животно осигурување

Заштитете се Вие и Вашето семејство со полиса за животно осигурување

## Авто-одговорност

Задолжителна регистрација на Вашето моторно возило

## Каско

Доброволно осигурување од штета на сопственото моторно возило од најразлични оштетувања.

# СИТЕ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕДНО МЕСТО

## Превоз на стоки (Карго)

Превоз на стоки (карго) во домашен и меѓународен транспорт.

## Одговорност на превозници

Одговорност на превозници во меѓународен и домашен транспорт.

## Бродови и чамци на моторен погон

Задолжително осигурување на бродови и чамци на моторен погон од одговорност за штети причинети на трети лица.

**ул.Коле Неделковски бр.12А-1, 1000 Скопје |**
**тел. 02/329 99 29**
**www.nob.mk | nob@nob.mk**

По четирите успешни сезони

# АМЕРИТ И РИСТО ВУКОВ ЈА ПРОДОЛЖУВААТ БЕСПРЕКОРНАТА СОРАБОТКА




Ристо Вуков - Рико, во моментов нашиот најперспективен автомобилист, настапува под логото и обележјата на АМЕРИТ од првата половина на 2015 година, притоа постигнувајќи одлични резултати

Стопанската интересна заедница за патен транспорт „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ и Ристо Вуков, во моментов македонскиот најперспективен автомобилист потпишаа нов договор за продолжување на соработката, којашто на задоволство на двете страни трае веќе четири години. Вуков, кој е познат како возач на кружни и брдски патеки, ја почна соработката со нашата најстара транспортна асоцијација во првата половина на 2015 година, уште како 19-годишен студент на Универзитетот American College Skopje. Оттогаш до денес, тој настапува под логото и обележјата на АМЕРИТ, земајќи учество во повеќе автомобилски трки во регионот и во Европа, а на тој начин, заедно со АМЕРИТ вршејќи еден вид заедничка промоција не само на спортското возење туку и на транспортот кај нас.

– Огромна благодарност што четири успешни сезони оваа значајна асоцијација стои зад мене и во ниту еден момент не престана да верува во мене. Јас, на таквата доверба и поддршка враќам и ќе враќам со најдоброто од себе, во секоја секунда помината на патеките, со логото на АМЕРИТ на моето возило и на мојата униформа – истакна Вуков по потпишувањето на договорот за продолжување на соработката со АМЕРИТ




Веќе четврта година по ред, АМЕРИТ стои зад популарниот Ристо Вуков - Рико, којштo се натпреварува во соседна Србија и во Македонија, а како плод на таквата соработка, македонскиот возач остварува одлични резултати во најмасовната автомобилска конкуренција кај северниот сосед.

– Ние како компанија, којашто тежнее постојано да биде на врвот во својата област, го препознавме квалитетот на Рико и ја продолжуваме соработката за којашто се надеваме дека нема да застане овде, туку заедно ќе одиме секогаш во подобри резултати. Истовремено, заеднички ќе ја промовираме основната и многу значајна карактеристика што треба да ја поседува секој возач, без оглед на тоа дали е аматер или професионалец, а тоа е да располага со вештини и способности за безбедно возење и управување со своето возило – изјави Лефтер Леси Андонов, директорот на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ.

Целта на Ристо Вуков - Рико за следната натпреварувачка сезона во оваа година е настап на некој од силните натпревари на Стариот континент, за што, како што вели и самиот, ќе му биде потребна стабилна поддршка од стабилни партнери. Инаку, како знак на благодарност за поддршката што ја добива од СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, Вуков му подари на управителот Андонов скромен подарок во форма на врамена тимска маичка, којашто ќе ја краси неговата канцеларија во АМЕРИТ.

Ј.Б.

По некои иницијативи и барања за задолжителна соработка



# И ДОМАШНИТЕ ТРАНСПОРТЕРИ САКААТ ПОВЕЌЕ РАБОТА КАЈ СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

Според оцените на домашните бизнисмени, странските инвеститори кај нас, недоволно или во многу мал дел, ангажираат македонски фирми во своето функционирање и работење

Наоѓањето работен ангажман за една фирма е меѓу поголемите, понапорните и потешките обврски како во секој бизнис така и во транспортниот без оглед на големината на фирмата, односно компанијата (тоа е големо гајле и за мала и за голема фирма) и е една од најсериозните задачи во нивното работење, од чија реализација најдиректно зависи нивниот успех, а неретко и самиот опстанок на пазарот. Затоа, менаџментот на секоја фирма, па и на транспортните, мака мачи како да обезбеди работен ангажман за своите човечки, материјални и превозни капацитети. Оттука, неретко и сопствениците на фирмите, а и нивниот раководен кадар, во оваа дејност понекогаш преземаат и ризични деловни потези, прават секакви еквилибристики (па и политички договори) само и само за да најдат работа за своите фирми. На тој начин, можат да обезбедат профити и плати за вработените. Се разбира, сето ова е директно зависно и од големината на економијата на пазарот во нашата држава, каде што евидентно изборот и можностите се толку мали што излезот често се бара во другите поразвиени држави и пазари. Меѓутоа, тука и таму, и во толку мала држава како што е Македонија, постојат и егзистираат економски делови и целини, кои во себе кријат вистински берзи за работа, кои како да се некако оставени на страна или да се препуштени на снабдувачи и оператори дојдени однадвор – од странство. Такви се слободните економски зони, кои во последниве години прават извоз со стотици милиони евра месечно, а сепак, според оцените на домашниот бизнис тие, недоволно или во многу мал дел, ангажираат македонски фирми во своето функционирање и работење. Ова, неодамна беше истакнато од страна на Сојузот на стопански комори, од каде што беше пренесено барањето за зголемување на соработката меѓу странските инвеститори и домашните компании, а за да се постигне тоа, Владата во иднина да размисли со клаузула во договорите за државна помош кон овие инвеститори и да ги обврзе тие да користат набавувачи од земјава.

Попрецизно кажано, бизнисот бара задолжителна соработка помеѓу странските инвеститори и домашните компании. Треба да ја примениме практиката од другите држави, т. е. според висината на субвенциите што ги добиваат странските компании да се определи процентот на учество на локалните суровини и услуги во нивниот краен производ, односно, ако сакаат државни пари – странците да мора да купуваат стоки и услуги од домашните фирми. Исто така, и Владата треба да ја услови помошта за овие инвеститори со таквата обврска. Од Сојузот на стопански комори, велат дека не е доволно само да се даваат субвенции ако странците соработуваат со локалните фирми туку Владата треба да размисли тоа да биде законска обврска. Истовремено, македонските бизнисмени сметаат дека не е точно дека не ги исполнуваат потребните стандарди туку комуникацијата со странските инвеститори одела тешко, па затоа странците најчесто набавувале суровини и репроматеријали од увоз, кои потоа ги извезувале како краен производ.

– Ако веќе од нас како даночни обврзници земаат пари, мора да имаат некаква обврска да се бара нешто назад, тоа е сосема нормално и логично барање. Се увезува една милијарда долари, а се извезува само малку над тој износ. Тоа е толку мало и безначајно учество како проточен бојлер – колку влегува, толку излегува! – вели Трајан Ангеловски, член на Управниот одбор на Сојузот на стопански комори.

Од ССК, каде што на оваа тема, лани, направиле анкета со вкупно 500 компании, бараат особено да се интензивира соработката на домашните компании со инвеститорите во слободните економски зони, преку пренесување на: знаење, технологии, менаџерски вештини во насока на зајакнување на нивната конкурентност, како и можности за отворање на пазарот надвор од државата. Тие посочуваат дека домашниот бизнис се жали дека странските инвеститори се затворени за соработка и велат дека полесно им е да најдат купувач на нивните производи и услуги во Западна Европа, отколку во Бунарџик. Александар Зарков, извршен директор на Сојузот, истакна дека согласно со анализата на коморите за 2018 година соработката со компаниите од слободните зони треба да се поддржува и охрабрува бидејќи само 4 % од анкетираните компании се изјасниле дека се дел од вредносните синџири на компаниите од слободните економски зони, 6 % обезбедуваат одреден тип услуга; некаков вид на соработка имаат 13 %, бараат можност да соработуваат 18 % и 59 % нема-

ат никаква соработка и не преземаат конкретни мерки за надминување на ваквата состојба.

– Од анализата е евидентно дека 23 % од компаниите остваруваат некаков вид на соработка во најголем дел на услугите и друг вид на соработка, која не е како стратегиски набавувач. При анализа на секторската распределба на компаниите со оние од слободните економски зони, ситуацијата малку се разликува од општата слика: дел од вредносните синџири на зоните се 4 % компании, градежниот сектор учествува со 6 %, другите сектори со 5 %, а земјоделскиот сектор со 3 %. Сите видови дејности обезбедуваат логистика во опсег од најниските 3 % во земјоделството до највисоките 9 % во туризмот – истакнува Зарков.

Од Владата велат дека Законот за финансиска поддршка на инвестициите, усвоен лани во соработка со бизнис-секторот, меѓу другото има за цел да ја подобри соработката помеѓу домашните и странските компании што работат овде, но не со воведување ограничувања туку со стимулативни мерки.

– Во Законот за финансиска поддршка на инвестициите е предвидена мерка, со која, на странска компанија која 15 % од вкупните набавки ги остварува преку компании регистрирани во Република Северна Македонија, Владата ѝ обезбедува поддршка од еден процент од вкупната вредност на набавките на компанијата. Воедно со самиот закон се обезбедува поврат на 10 % од инвестициите што ги прават домашните компании за набавка на нови машини и опрема, односно за осовременување на производството и постигнување на соодветните стандарди кои ги бараат странските компании. Ова значи дека истовремено се работи




## ПРЕКУ ССК, НЕОДАМНА, БИЗНИСОТ ПОБАРА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СОРАБОТУВААТ СО ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ

и на технолошкиот развој на домашните компании со цел да станат набавувачи на странските, но и стимул на странските компании да ја подобруваат соработката со домашните компании – стои во соопштението од Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев.

Во контактите со ССК дознаваме дека во нивната анкета и анализа немаат податоци за ангажираноста и соработката со странските инвеститори на транспортниот сектор, а неофицијалните информации и податоци што доаѓаат до нас покажуваат дека сепак, има некакви ангажмани на домашните патни превозници, и тоа и на оние што транспортираат стоки, и на оние што превезуваат патници. Транспортерите велат дека има уште многу простор за зголемување на нивното учество во таква-та соработка со странските инвеститори, особено на оние во слободните економски зони. Многу од нив, се придружуваат на барањето на ССК – надлежните, а пред сѐ Владата да најде начин, соработката на странските инвеститори со домашните компании да биде задолжителна и соодветна на помошта што странците ја добиваат од државата за нивниот влез и функционирање на македонскиот пазар, со сите придобивки што тие ги имаат.

– Засега немаме влезено во ваков тип соработка со странските компании кај нас, а дека тие треба да работат со домашните компании, конкретно во зоните, тоа стои и треба да се истакне – вели Дејан Стојкоски од транспортната фирма „Денис транс“ од Гевгелија.

– Притоа е важно и останува да се види и да се покаже колку сме ние флексибилни и дали самите можеме да одговориме на нивните барања. Ние, како „Денис транс“, кои располагаме со седум возила, возиме претежно надвор од Македонија, насекаде низ Европа и главно транспортираме зеленчук, овошје и преработки од нив. Во врска со посочените барања, ги поддржуваме и се придружуваме на апелите до најодговорните, надлежните во државата да поведат сметка и да им овозможат на домашните компании, а во случајов и на нашите патни превозници и тие да се вклучат со поголем обем и ангажман во соработката со странските компании, кои доаѓаат во нашата земја – нагласува Стојкоски.

Некои транспортери, евидентно, веќе имаат трасиран пат на работење и настап, и на домашниот и на меѓународниот транспортен пазар, и тоа целосно ги задоволува во нивното функционирање и ангажирање и на човечките и на транспортните капацитети.

– Не возиме за зони и фабрики. Нашите транспорти повеќе се со збирна стока, главно со Италија. Лично, не сум упатен во ова барање на одредени фирми на ССК, но начелно, наша генерална определба е да

Во почетокот на мај

### Скопје домаќин на голем самит на слободните економски зони

Скопје од 2 до 4 мај годинава ќе биде домаќин на самитот на слободни економски зони, на кој се очекуваат над 350 претставници од целиот свет, а најмногу од Европа. Организатор е Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, која самитот ќе го организира во соработка со Светската организација на слободни зони, а во која членуваат над 2.000 зони. Ќе бидат поканети вицепремиери и министри, а ќе присуствуваат и претставници од слободните економски зони. Темите на коишто ќе се разговара на самитот се: иднината на ТИРЗ-овите, избегнување на нелегалната трговија, формирање асоцијации со цел елиминација на политичките влијанија врз работата во зоните, разменување искуства и меѓусебна помош на зоните и изнаоѓање начини да се унифицираат ставовите за државната помош што им се дава на странските инвеститори.

Од Дирекцијата на ТИРЗ најавија дека придобивките од самитот за Македонија ќе бидат големи зашто ќе станеме многу повидливи на светско ниво во делот на слободните економски зони и уште од самиот почеток ќе бидеме дел од зоните кои се инволвирани во процесот на сертификација на сигурни зони.

Инаку, во Македонија во технолошко-индустриските развојни зони, покрај веќе отворените, каде што во моментов работат 13.500 лица, има и 17 нови инвестиции што се во различна фаза на реализација. Во следниот период, се очекува потпишување на нови пет-шест договори за инвестиции, а најавите се дека во следните две години тој број ќе расте. Платите, како што информираат од Дирекцијата на ТИРЗ, не се помали од 300 евра.

Според некои проценки, дури 40 – 60 % од светската економија се водат во некој вид слободни зони, а според некои лански податоци, во шесте земји од Западен Балкан има над 40 слободни економски зони, во кои досега, околу 400 компании инвестирале над 3,5 милијарди евра и отвориле околу 30 илјади нови работни места.

поддржуваме сè што е во прилог на подобро и поуспешно работење на македонските патни транспортери, па тоа го правиме и во овој дел на обезбедување на работни ангажмани на нашите транспортни фирми, кои знаеме дека често „кубурат“ со работа и со договори за транспорт на стоки – вели Васко Дамјановски, логистичар од транспортната фирма „Лаки Лазо“ од Скопје, која поседува 15 возила.

Наспроти овие компании, кои немале соработка со странските инвеститори во зоните во земјава, разговаравме и со превозникот „Екстра бус“ од Кавадарци, кој над осум години вози патници за голема странска компанија (за германскиот „Дрекслмаер“). Иако споменатото барање на домашните компании за условена соработка со странските инвеститори го оценуваат како легитимно и на место, од овој превозник, сепак, повикуваат на внимателност, претпазливост и аргументиран пристап во сето тоа.

ви ризици и непредвидени работи, како на пример: земјен пат од околу 4,5 километри, проблеми со мост, во што не е инвестирано, и сега на тоа да се прават и притисоци!? Не сакам да верувам дека целта е да се истиснат постојните фирми што работат во зоните, а во превозот на патници, односно на вработени во зоните ги има многу, најмалку десетина и секаде се тие македонски компании. Во камионскиот транспорт, странците имаат свои шпедиции, логистички компании, со кои склучиле договори, со временски испораки и пенали за неизвршените услуги и треба да се знае дека на инвеститорите главно им се потребни големи транспортери, кои можат да одговорат на нивните барања со по 50 до 100 возила, а кај нас такви се малку. Сепак, и покрај тоа, голем број наши товарни превозници работат во зоните, се разбира, тие што имаат соодветен возен парк и секако возачки и друг кадар, кој на сите нас сè повеќе ни недостасува. Оттука, за поголема




ТРАНСПОРТЕРИТЕ СЕ ПРИКЛУЧУВААТ КОН БАРАЊЕТО ЗА ПОГОЛЕМ АНГАЖМАН ВО СЛОБОДНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ, ИАКО ДЕЛ СЕ ВЕЌЕ АКТИВНО ВКЛУЧЕНИ ТАМУ

–Независно од тоа дали се странски, домашни или други инвеститори, сите тие се приватни – вели Трајче Панчевски, менаџер на „Екстра бус“, која е голема семејна компанија од Кавадарци.

– Ако ние или државата им се мешаме, ќе ги избркаме, зашто и со тоа, а и со многу други нешта ги тераме да работат со стрес. Секоја компанија бара подобра услуга и подобра цена, а сите се дојдени да спечалат пари. Сите бараат и локални набавувачи за да им биде подобра цената на работење. Ние, како „Екстра бус“ сме задоволни од соработката со „Дрекслмаер“, иако во неа има сè и сешто: промени на менаџментот, притисоци во делот на цените, проблеми со кадрите, со придонесите, даноци... Ни бараат нови автобуси, а тоа ни е скапо, иако секоја година вложуваме големи пари за нови возила (сега имаме 60-тина, главно „евро4, 5 и 6“), па нивно одржување, нови кадри... Сето тоа е поради желбата и тие како инвеститори да бидат задоволни, зашто од 1 јануари 2012 година се нафативме да превезуваме за нив околу 5.500 нивни вработени, а во тоа има секаква соработка со странските инвеститори што инаку е легитимно барање, најпрво треба и ние, а и надлежните органи и ресорните министерства да создадеме неопходни услови за тоа. За жал, во делот на транспортот треба многу да се работи и сработи, и во однос на цените за транспорт да се измени Законот за јавни набавки зашто не може да ни се бара да нудиме и најдобри услови и најниски цени. Потоа, во делот на загадувањето да се поднови возниот парк за што се неопходни субвенции за набавка на нови возила, па да го смениме односот во делот на одговорноста, и ние кои треба да го подобриме превозот, и надлежните, кои треба да создадат услови за тоа, а за што треба да се сузбие сивата економија и дивиот превоз, па да бидат поевтини патарините, да се врати акцизата на гориво, да стане пониска цената за регистрацијата, да има подобри патишта, посоодветна логистика... Само така ќе можеме да одговориме на сите барања во оваа дејност и да им понудиме квалитетна услуга на сите што ни ја бараат – вели Панчевски.

Ј.Б.

По стапувањето во сила на Договорот од Преспа

## Упатства до грчките царински служби за постапките во трговијата со Република Северна Македонија

Грчкиот самостоен орган за јавни приходи (ЈПП) издаде правилник со инструкции за постапките што царинските служби на Грција треба да ги следат во трговијата со Република Северна Македонија, по стапувањето во сила на Договорот од Преспа. Документот е со датум 13 март, содржи општ дел и специјални упатства за транзит, увоз, извоз, патници и превозни средства, каде што детално се објаснети упатствата и насоките до царинските служби, а е сличен со циркуларот од грчкото МНР со упатства до јавните служби, кој е испратен претходниот месец. Притоа, се посочува дека сите документи што ќе ги издава соседната (нашата) земја (патни документи, лични карти, возачки дозволи, потврди итн.), „секаков вид службена пошта и пропратен материјал што доаѓаат од властите на соседната земја што се со датум на издавање по стапувањето во сила на договорот, ќе треба да бидат со новото име и термините што се однесуваат на земјата“. Во случај на сите царински документи, доставени до надлежните царински испоставени или во моментот на влегување во земјата или во канцелариите на крајната дестинација, шифрата „МК: Северна Македонија“ се додава во соодветните рамки. Сите документи што ја поддржуваат увозната декларација (декларации, фактури, сертификати, дозволи, одобренија и сл.) треба да бидат со новото уставно име. Правилникот ги опфаќа и сертификатите за транзит, EUR1 и EUR-MED, кои сега треба да го носат името што е дадено во договорот. Ако сертификатот е пронајден со неприфатливо име, овој сертификат ќе биде одбиен од технички причини и ќе треба да биде издаден нов од надлежните власти на Северна Македонија.

Името од договорот, треба да се користи во декларациите на одобрени извозници за потекло, фактури или кој било комерцијален документ.

– Кога извезуваме стока од нашата земја во Северна Македонија, и поднесените извозни декларации и придружните документи (фактури и сл.) мора да бидат со новоприфатеното име – пишува во правилникот. Според тоа, грчките увозници ќе мора да го заменат кодното име, а се наведува и дека во сите документи, кај грчките трговци треба да стои новото име за да се избегнат можните проблеми при увоз на стоката. Тука се вклучени декларации за потекло, фактури или кој било комерцијален документ. Исто така, објаснето е дека повеќе не важат имињата: „Република Македонија“ и „Поранешна југословенска Република Македонија“, а во случај во официјалната службена пошта на властите од двете земји да нема придржување до правилната употреба на името и термините, службената пошта нема да биде примена и ќе биде вратена назад до испраќачот.

Статистика за последното ланско тримесечје

# ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ ВО ПАТНИОТ ПРЕВОЗ



Зголемувањето е за 12,4 отсто во споредба со истото тримесечје од 2017 година

Бројот на превезени патници во патниот превоз во четвртото тримесечје од 2018 година е зголемен за 12,4 отсто во споредба со истото тримесечје од 2017 година, при што во градско-приградскиот превоз има пораст за 1,4 отсто, во воздухопловниот за 8,7 отсто, а во железничкиот превоз е намален за 3,5 отсто. Податоците на Државниот завод за статистика велат дека бројот на превезени патници во патничкиот превоз е намален за 1,7 отсто во споредба со третото тримесечје од 2018 година, а во градско-приградскиот превоз е зголемен за 29,2 отсто, во железничкиот за 10,5 отсто, додека во воздухопловниот превоз е намален 33,1 отсто.

Истовремено, количеството на превезена стока во товарниот патен превоз во последното ланско тримесечје споредено со истото од 2017 година, е зголемено за 21,7 отсто, во воздухопловниот за 8,0 отсто. Во железничкиот превоз е намалено за 25,9 отсто. Притоа, во однос на третото тримесечје минатата година, количеството на превезена стока во товарниот патен превоз е намалено за 9,7 отсто, во железничкиот превоз за 27,1 отсто, а во воздухопловниот превоз за 31,4 отсто.

До средината на март идната година

## Украина воведе безвизен режим за нашите граѓани




Украина донесе акт за привремено воведување на безвизен режим за влез и транзит низ својата територија за граѓаните на Северна Македонија. Како што стои во документот потпишан од украинскиот претседател Петро Порошенко, во периодот од 16 март 2019 година до 15 март 2020 година се воведува безвизен режим за Украина и транзит низ нејзината територијата за граѓаните на Република Северна Македонија, ако нивниот престој во Украина не надминува 90 дена во рок од 180 дена.

Се оценува дека оваа одлука треба да донесе подобрување на пријателството меѓу Украина и Република Северна Македонија, како и интензивирање на билатералните контакти во областа на меѓусебните односи и намерите за продолжување на соработката за либерализација.

Инаку, според рангирањето што го направи Henley Passport Index за 2019 година, Македонија е на 43-то место на листата земји чии пасоши овозможуваат најлесно патување, при што со македонски пасош слободно, без виза, може да се патува во 125 земји во светот.

И на почетокот на годинава

# ДОМИНИРА УВОЗОТ НА КОРИСТЕНИ ВОЗИЛА

Продолжува доминацијата на веќе користените возила при увозот во државава и во почетокот на оваа година. Така, според податоците на Царинската управа, во Македонија во првиот месец од годинава се увезени вкупно 2.727 возила, од кои 2.059 половни автомобили, а само 414 нови. Во вкупната бројка влегуваат и 90 нови товарни моторни возила и 154 половни, односно веќе користени, како и три нови автобуси и седум употребувани.

Споредбата со јануари минатата година покажува дека се увезени два нови автомобили помалку, при што во однос на користените, увозот сега е зголемен на 2.059 автомобили наспроти 1.911 во истиот месец минатата година. Ако се спореди увозот на другите возила, лани во јануари, тој бил помал кај новите товарни возила – само 28, а за 10 поголем кај употребуваните (164), додека кај автобусите минатата година во јануари не е увезен ниту еден нов, но бројката на употребуваните била речиси двојно повисока од годинешната – 15.

За потсетување, во минатата календарска година беа увезени вкупно 39.594 возила што е најдобар резултат по 2011 година кога биле увезени 42.527 возила и рекордната 2010 година со вкупен увоз од дури 62.519 возила.

АМЕРИТ ги претставува и им помага на транспортерите во работењето



**М-Р ОЛИВЕРА МИОВСКА**

раководител на Секторот за ТИР и товарен сообраќај при СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ

# ТЕХНОЛОГИЈАТА И АВТОМАТИЗАЦИЈАТА СЕ ИДНИНАТА НА ПАТНИОТ ТРАНСПОРТ

АМЕРИТ ја поддржува мерката во Националната транспортна стратегија 2018 – 2030 година на Министерството за транспорт и врски, подготвена со помош на Европската Унија, каде што се планира разработка и операционализација на еден ИТ заснован „Информативен систем на секторот“

**» Госпоѓа Миовска, како ја оценувате актуелната состојба во патниот транспорт во домашни и во меѓународни рамки, секако гледано од аспект на членките на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ и нивното работење во актуелните извонредно сложени услови, присутни и на домашниот и на меѓународниот транспортен пазар?**

На актуелната состојба во патниот транспорт можеме да гледаме од два аспекти: едниот е согласно со податоците од Државниот завод за статистика, а другиот е од искуството, односно од согледувањата на транспортерите при нивното работење. Статистички гледано, во четвртото тримесечје од 2018 година, споредено со четвртото тримесечје од 2017 година, има зголемување во количеството на превезена стока во товарниот патен превоз за 21,7 %, во железничкиот превоз е намалено за 25,9 %, додека во воздухопловниот превоз е зголемено за 8,0 %. Во однос на третото тримесечје од 2018 година, количеството на превезена стока во товарниот патен превоз е намалено за 9,7 %, во железничкиот за 27,1 %, додека во воздухопловниот превоз има намалување од 31,4 %. Од статистичките податоци од оваа, како и од претходните години, евидентно е дека речиси постојано се бележи раст на количеството превезена стока во патниот превоз.

Од друга страна, секојдневните согледувања на транспортерите кажуваат дека статистичките податоци не ја отсликуваат реалната состојба во транспортот. Имено, од година во година сè поголем број транспортери им одговараат на барањата на Државниот завод за статистика за поднесување податоци, па оттука и евидентното постојано зголемување. Реално е да постои зголемување во работењето и во резултатите на транспортерите, кои впрочем постојано инвестираат во зголемување на возниот парк со нови возила со најнови еколошки стандарди, сè со цел да бидат конкурентни на европските пазари, но сепак тие сметаат дека податоците кои се објавуваат не се целосно реални.

Оттука, АМЕРИТ ја поддржува мерката во Националната транспортна стратегија 2018 – 2030 година на Министерството за транспорт и врски, подготвена со помош на Европската Унија, каде што се планира разработка и операционализација на еден ИТ заснован „Информативен систем на секторот“, за статистички податоци, собирање информации, размена и менаџмент, а и планирање и прогнозирање, со што ќе се добијат поточни информации, кои меѓу другото ќе послужат и за подготвување на соодветни анализи.

**» Во својот потесен делокруг на работење во АМЕРИТ го имате товарниот сообраќај и посебно ТИР-системот, глобално најсигурниот светски транзитен систем, кој има големо значење за транспортните оператори, а за чии аспекти, релации и соодноси зборувате и во својот магистерски труд, подготвен и успешно одбранет пред извесно време. Што, според Вас, е моментално најзначајно за ТИР-системот денес и за неговото непречено функционирање во наредниот период?**

Транспортните и транзитните системи станаа еден од најкритичните катализатори за урбаните, регионалните и државните случувања и движења. Нивната мисија е да обезбедат отворена и фер-платформа за проширување и активна дискусија за најва-




жните напредоци во клучните транспортни и транзитни системи што доведуваат до изградена средина и до општествена и индустриска инфраструктура на модерниот свет. Технологијата и автоматизацијата ќе ја дефинираат иднината на патниот сообраќај. Затоа, во фокусот на мојот магистерски труд е потребата од унапредување на ТИР-системот и неговата дигитализација, која е неопходна и која веќе се случува во некои земји. Бенефициите од имплементирање на е-ТИР системот се од големо значење за сите учесници во ТИР-процедурата: царините, кои бенефицираат од намалено време на процесирање на секоја ТИР-операција, можностите за однапред подготвување на анализа на ризик, а со тоа избегнување на нерегуларности, потоа синџирот на гаранции кои бенефицираат од бесхартиената средина, транспортните оператори кои имаат придобивки од намаленото време за пополнување на ТИР-карнетите, од намалувањето на времето за царинско процесирање, како и од пониската цена за е-ТИР карнетот. Имплементацијата на бесхартиен транзитен систем, како што е е-ТИР системот има директни економски инвестиции за сите инволвирани земји. Се зголемува ефикасноста и ефективноста на безбедните транзитни операции, намалувајќи го времето на нивно процесирање, потоа трошоците за транспортните оператори, како и зачувување на животната средина. Со брзи транзитни постапки, трошоците значително ќе се намалат, обезбедувајќи подобри бизнис-услови во рамките на меѓународната трговија. Со цел да ги следиме трендовите на дигитализација, неопходно е ангажирање на политичко ниво, заемна доверба и високо ниво на соработка на сите договорни страни на ТИР-Конвенцијата за реализација на е-ТИР системот.

**» Од почетокот на минатата година стапија во сила одредбите од ЕКМТ – Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа, која е нов стратешки документ за меѓународниот патен сообраќај на стариот континент и која донесува низа новини, и тоа пред сè во делот на (до)обуките на транспортерите и сертифицирањето на нивните кадри. Како течат активностите кај нас за усогласување на натамошното работење и дејствување на македонските патни транспортери со оваа нова европска стратегија за глобален развој на патниот транспорт во светот?**

Мултилатералната квота на дозволи секогаш била симбол на висок квалитет. Честопати, патниот транспорт е критикуван поради безбедноста, влијанието врз животната средина и недостатокот на социјалните услови, односно условите за вработување, па оттука и потребата од усвојување и примена на ЕКМТ-Повелбата за квалитет. Таа се фокусира на социјална, правна, еколошка и практична примена и стапи во сила на 1 јануари 2016 година, со тригодишен транзициски период пред финалната имплементација. Пилот-фазата заврши во 2018 година, а од 1 јануари годинава, Повелбата се применува од сите договорни страни.

Ова значи дека и македонските возачи, кои се вклучени во меѓународниот транспорт, треба задолжително да поседуваат меѓународно признаен сертификат за професионална компетентност, кој ќе го добијат откако ќе посетуваат квалитетна обука, согласно со стандардите од Повелбата.

Спроведувањето на професионалните квалификации генерално се потпира на јавно-приватно партнерство, здружување на експертизата, ресурсите и капацитетот на јавниот и приватниот сектор. Ваквата координација на напорите е особено важна во фазата на имплементација на Повелбата за да се обезбеди транспарентност на постапките поврзани со одлуките за издавање на ЕКМТ- дозволи. Министерството за транспорт и врски на Република Северна



ТЕХНОЛОГИЈАТА И АВТОМАТИЗАЦИЈАТА ЌЕ ЈА ДЕФИНИРААТ ИДНИНАТА НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ, ЗАТОА, ВО ФОКУСОТ НА МОЈОТ МАГИСТЕРСКИ ТРУД Е ПОТРЕБАТА ОД УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТИР-СИСТЕМОТ И НЕГОВА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА, КОЈА Е НЕОПХОДНА И КОЈА ВЕЌЕ СЕ СЛУЧУВА ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ

Македонија, веќе ги објави правилниците за обуките на транспортерите, и е во фаза на овластување на центрите кои ги исполнуваат стандардите согласно со ЕКМТ-Повелбата за квалитет.

Стандардите за професионална квалификација на Академијата на ИРУ, се признаени како еден од најефикасните начини за усогласување со Повелбата за квалитет на Европската конференција на министри за транспорт (ECMT). АМЕРИТ има меѓународно акредитиран центар за обука и е претставник на Академијата на ИРУ во Македонија. Со тоа и нашата цел е постигнување поквалитетен транспорт во Европа и создавање на подобри хармонизирани услови за сите професионални возачи на меѓународните пазари.

**» Редовните распределби на транспортните документи – ЕКМТ и другите дозволи за транспорт на стоки се меѓу најзначајните настани и случувања за патните превозници во Македонија. Дали со овие годишни административни операции, со можеби најбараните и најпосакуваните транспортни документи, се обезбедува нормално функционирање на македонскиот патен транспорт и има ли, можеби, некои пропусти на тој план или предлози од членките за нивно унапредување?**

Не може ни да биде поинаку бидејќи знаеме дека дозволите се sine qua non за транспортерите. На годинешната распределба, 555 фирми аплицираа за 1.476 ЕКМТ-дозволи, а во системот се евидентирани 7.938 возила, влекачи и приколки, како и 4.788 возачи. Некои од предлозите, кои во име на транспортерите ги поднесе АМЕРИТ, беа прифатени од Министерството за транспорт и врски, а со тоа се направи поголем баланс при распределбата на дозволите. Одржавме и состанок со поголема група транспортери и претставници од Министерството за транспорт и врски во Кавадарци, непосредно пред аплицирањето, со цел да им се појаснат правилата и да им се укаже на грешките кои ги правеле во претходните години. Тим од АМЕРИТ им беше на располагање и помагаше при анализа на нивната апликација и аплицирање за ЕКМТ-дозволите.

Бидејќи Македонија сè уште не е членка на ЕУ, неопходноста и дефицитарноста на одреден вид дозволи имаат големо влијание врз работењето на македонските транспортни фирми. За жал, многу од нив, токму поради овој проблем се принудени да ги префрлат своите бизниси во соседните земји што доведува до негативен импакт врз економијата во земјава. АМЕРИТ, како претставник на транспортерите, го користи своето членство во најголемата транспортна организација ИРУ и во BSEC URTA, со цел изнаоѓање мерки за стимулирање и помагање на транспортерите. Се надеваме дека и Владата и надлежното министерство ќе излезат со конкретен предлог и мерки, со кои ќе ги задржиме фирмите во



АМЕРИТ, КАКО ПРЕТСТАВНИК НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ, ГО КОРИСТИ СВОЕТО ЧЛЕНСТВО ВО НАЈГОЛЕМАТА ТРАНСПОРТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ИРУ И ВО BSEC URTA, СО ЦЕЛ ИЗНАОЃАЊЕ МЕРКИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ

Македонија, а со тоа ќе се зголеми и економскиот бенефит за државата.

**» СИЗ„Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ во своето секојдневно работење дава помош и логистика за транспортерите во користењето на разни е-алатки и други услуги неопходни во транспортната дејност. На каков одзив наидуваат тие и колку се користат од страна на транспортерите, членки на АМЕРИТ?**

Е-алатките и дигитализацијата на документите, дигиталниот потпис, електронската транспортна берза и е-интеграцијата со надворешните системи се веќе дел од секојдневното работење на патните транспортери. Нивното користење го олеснува работењето на транспортерите, намалувајќи го времето што ќе го потрошат доколку не ги користат, а ја зголемува и безбедноста и ги намалува трошоците.

Освен ТИР-ЕПД апликацијата, со која се намалуваат трошоците за транспорт и времето на чекање на границите, АМЕРИТ ги промовира и другите електронски алатки и апликации, креирани од Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ, а кои се бесплатни за користење за транспортните оператори. Овде ќе ја споменам апликацијата TransPark, на која возачите можат да ги лоцираат безбедните паркинг-места за камиони, на тој начин избегнувајќи несакани дејствија доколку се паркирани на необезбедени места, потоа Информативниот центар, како и апликацијата за правна помош, која треба да го олесни секојдневното работење на компаниите за патен транспорт преку обезбедување на: правна помош, информации, совети, стандардни договори и други транспортни документи.

**» И годинава има најави и барања за измени на законските акти во патниот транспорт – поврзани со законите за патен превоз, за возила, како и за безбедност во сообраќајот на патиштата. Какви се реакциите на членките на АМЕРИТ во вашите сектори (за еконалепниците, најавите за поскапи регистрации согласно со староста на возилата и слично) и имаат ли тие некои свои предлози до надлежните државни органи?**

Бидејќи тоа, сега засега, се само најави, не можам да дадам конкретен одговор за некакви измени во законските акти. Законската регулатива мора да претрпи промени, пред сè поради усогласување со европското законодавство. Сепак, институциите работат транспарентно и предлозите ги објавуваат на ЕНЕР, отворени за коментари од јавноста. Како асоцијација ќе ги следиме случувањата и навремено ќе реагираме, притоа секогаш застапувајќи го интересот на транспортните компании.

**» Постојани се барањата на превозниците за транспортни олеснувања, како и за помош од државата во создавањето на нови транспортни кадри, на што инсистира и ИРУ во своите апели и препораки за унапредување на транспортната дејност во светот. Како член на некои тела и органи на АМЕРИТ, а и на ИРУ, што би издвоиле како особено значајно на овој план за македонските патни транспортери ?**

Во ситуација на многу рестриктивен европски пазар, транспортните олеснувања се многу тешко остварливи. Најчесто, транспортерите бараат помош за ситуации кои се утврдени со законите на земјата, која иако е членка на Европската Унија, приме-

нува своја национална легислатива. Ќе наведам еден од проблемите на кои во моментов работиме, со цел да им помогнеме на транспортерите, а тоа е проблемот со нелегалните мигранти. Посебен е случајот со откривање на имигранти во товарните возила на граничните премини во Хрватска, каде што транспортерите плаќаат казни во износ од 4.500 евра, а возачот и фирмата, кои не се одговорни туку се жртви, претрпуваат големи штети. Оваа практика постои и на други гранични премини во други земји, исто така членки на ЕУ, но сепак, начинот на санкционирање е различен, со опомени или со драстично помали казни.




КОРИСТЕЊЕТО НА Е-АЛАТКИТЕ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ ГО ОЛЕСНУВА РАБОТЕЊЕТО НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ, НАМАЛУВАЈЌИ ИМ ГО ВРЕМЕТО ШТО ЌЕ ГО ПОТРОШАТ ДОКОЛКУ НЕ ГИ КОРИСТАТ, А ЈА ЗГОЛЕМУВА И БЕЗБЕДНОСТА И ИМ ГИ НАМАЛУВА ТРОШОЦИТЕ

Во однос на недостатокот на професионален кадар, што е глобален проблем со кој се соочуваат многу земји, сметаме дека треба да се поработи на менталитетот кај младите и на зголемувањето на имиџот на професијата во општеството. Професионален возач е достоинствена професија, која нуди многу поволности. Од друга страна, старосната граница на возачите во Македонија е многу висока, додека жените скоро и да не се заинтересирани за оваа професија. Постојано велиме дека младите имаат можност креативно и одговорно да ја изберат својата професија, а токму преку оваа професија сметаме дека на пазарот ќе има квалификувани и мотивирани млади луѓе, кои ќе работат со полн капацитет, постигнувајќи ги највисоките можни стандарди.

Ј.Б.

На најпрометниот граничен премин со Албанија

# НОВ ЦАРИНСКИ ТЕРМИНАЛ НА ЌАФАСАН ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ



„Со новиот царински терминал ќе се забрза и олесни стоковата размена преку овој најфреквентен граничен премин кон Република Албанија", потенцира премиерот Заев, при посетата на ГП Ќафасан

Новиот царински терминал на Ќафасан, на кој моментално се работи, значително ќе ја забрза и олесни стоковата размена на најпрометниот граничен премин кон Република Албанија. Ова беше истакнато при неодамнешната посета на ГП Ќафасан, од страна на претседателот на Владата, Зоран Заев, министерот за економија, Крешник Бектеши и директорот на Царинска управа, Ѓоко Танасоски. Проектот и подготовките на терминалот се финансирани од Програмата ИПА, во вкупен износ од 1,48 милион евра, коишто се грант и над 300.000 евра од државниот буџет.

– Овој нов терминал ќе придонесе за зголемување на пропусната моќ на преминот за стокови пратки, за намалување на времето потребно за вршење на гранични формалности и значително ќе ја подобри инфраструктурата за примена на современи средства за инспекција. Со него ќе се забрза и олесни стоковата размена преку овој најфреквентен граничен премин кон Република Албанија, а истовремено ќе се олесни и забрза транспортот по должина на паневропскиот Коридор 8 – потенцира премиерот Заев.

Според министерот Бектеши, со новиот царински терминал, трговската размена со Република Албанија која изнесува 166,1 милион долари, треба значително да се зголеми.

– Со воспоставување на One Stop Shop со Република Албанија, за што постапките ќе започнат набргу, трговската, а воопшто и економската соработка ќе се зголемува, а протокот на стоки ќе биде побрз, поефикасен и побезбеден – рече Бектеши.

Директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски посочи дека овој проект е од голема важност за олеснување на трговијата, за поедноставување на царинските формалности и за ставање на европската мапа на Коридорот 8.

– Со завршувањето на овој терминал се исполнуваат условите за започнување на преговори со Европската Унија, а со One stop shop значително ќе се намали времето на чекање на камионите. Овој граничен премин претставува и пилот- испостава за воведувањето на системот за електронска обработка на декларации, софтвер којшто е компатибилен со системите на ЕУ – нагласи Танасоски, додавајќи дека е исклучително важно да се модернизираат царинските терминали со цел да се обезбеди сигурност и безбедност на транспортот на стоки и за спречување на нелегалната трговија.

Ј.С.

Со потпишување на спогодба меѓу МНР на Северна Македонија и Грција



# ПОДГОТОВКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН МАРКОВА НОГА – ЛЕМОС

Спогодбата што ја потпишаа Димитров и Анагностопулу, ги отвора вратите за изградба на инфраструктурата на овој граничен премин, кој ќе придонесе за интензивирање на комуникацијата меѓу двете земји и за севкупниот развој на Преспанскиот регион

Министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, Никола Димитров и алтернативната министерка за надворешни работи на Република Грција, Сиа Анагностопулу, неодамна, во Скопје потпишаа спогодба за отворање на новиот граничен премин во регионот на Преспанското Езеро, Маркова Нога – Лемос. Со неговото ставање во функција, како што истакнаа и шефовите на дипломатиите на двете земји, се очекува дополнителен развој во односите помеѓу Македонија и Грција, интензивирање на комуникацијата и севкупен развој на Преспанскиот регион. Средствата за изградба на преминот ќе бидат обезбедени од ИПА-Програмата за прекугранична соработка со вредност од околу четири милиони евра, а неговата реализација треба да заврши до 2023 година.

На потпишувањето на спогодбата му претходеа состаноци на работните групи на техничко ниво од Македонија и од Грција, како и на претставници на делегацијата на Европската Унија, при што беше посочено дека станува збор за прекуграничен регион што стагнира економски, но со иницијативност на двете држави и со поддршка од ЕУ ќе се создадат услови, неговиот природен потенцијал да биде ставен во функција на развојот.

Со активностите на работните групи од двете земји, а особено со потпишувањето на спогодбата од министрите за надворешни работи, се создаваат неопходните предуслови по повеќе од половина век, поточно по 52 години македонско-грчкиот граничен премин Маркова нога – Лемос повторно да биде ставен во функција. Тоа наидува на одобрување и прифаќање од двете страни на границата, при што за истакнување е дека како ретко досега има позитивни реакции во Грција, од каде што потенцираат дека тоа ќе го подигне развојот во регионот на Преспа. Луѓето од овој регион сакаат да комуницираат, да соработуваат и да помогнат во приближување на односите и во развојот на туризмот, поради што се интензивирани активностите за меѓусебна координација и за финализирање на процедурите што се однесуваат на отворањето на граничниот премин.

Ј.С.Б.

На иницијатива на тиквешките пратеници и на нивните колеги од Грција

## Разговори и за отворање на граничниот премин Пуљевац



– Кожуф и Поткожувјето, како еден од најубавите делови на Општина Кавадарци, да не бидат слепа точка и крај на светот туку поврзани со Европа и со Република Грција – рече кавадаречкиот градоначалник, Митко Јанчев, на неодамнешната македонско-грчка средба во неговиот кабинет, на која се разговараше за отворање нов граничен премин во Кавадаречко. Покрај тиквешките пратеници, на средбата присуствуваше и грчкиот парламентарец Сифакис Јанис.

– На наша заедничка иницијатива разработивме физибилити-студија и врз основа на добрососедските односи и потпишувањето на Преспанскиот договор, сме веќе во завршна фаза да почнеме со техничка документација и одобрување на граничниот премин Пуљевац, приказна од пред 20 – 30 години. Ова е од големо значење за двете страни и за движењето на луѓето во овој и во грчкиот регион, од другата страна на границата. Очекуваме локален, економски бенефит и целокупен развој – истакна Јанчев, нагласувајќи дека отворањето на преминот, кој е дамнешна желба на тиквешани, во делот на развојот на туризмот, со поврзувањето ќе значи поголема раздвиженост и повеќе туристи, враќање на животот во тукашните села и повеќе услови за развој на бизниси. Тој појасни и дека Агенцијата за патишта, за годинава, има предвидено буџет од 50 милиони денари за реконструкција на постојниот пат Р108 од месноста Мушов Гроб до Мајден, а за самиот граничен премин е планирано да се финансира преку европски фондови.

Изразувајќи задоволство од средбата, Сифакис Јанис наведе дека во следните два месеца се очекува да се потпише договор за отварање на преминот, а во наредниот период ќе се разговара и за финансирање и имплементирање на тој проект.

– Од 27 километри од грчка страна во регионот на Аридеа, четири се со асфалт, а од 57 километри во Кавадаречко, 43 се асфалтирани. Има поволна клима и овој пат многу ќе им помогне на двете земји – нагласи Јанис, додавајќи дека со преминот, за граѓаните и туристите, патот ќе биде скратен за сто километри.

Главните и најголеми градежни работи се завршени

# АВТОПАТОТ МИЛАДИНОВЦИ – ШТИП ВО УПОТРЕБА ПО ДОВРШУВАЊЕТО НА СЕРВИСНИТЕ ПАТИШТА



Последен рок за официјално пуштање во употреба на новиот автопат е мај годинава, а до изградбата на двете нови патарини што овде треба да се направат догодина, граѓаните по него ќе возат бесплатно

Автопатот Штип – Миладиновци е готов, но ќе биде пуштен во употреба откако ќе се реши проблемот со неколку сервисни патишта, а според последната најава тоа ќе биде за малку повеќе од еден месец. Од Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта велат дека новиот автопат е пуштен во пробна употреба, откако се извршени првичните технички приеми, а официјалното и целосно пуштање во сообраќај ќе се случи во мај. До наредната година ќе бидат изградени и патарините (кај Преод и кај Кадрифаково), а дотогаш граѓаните ќе возат бесплатно, а на тој дел кај што ќе се градат патарините ќе има времен режим на сообраќај.

– Во декември минатата година добивме официјално писмо од кинеската градежна компанија „Синохидро“ дека автопатот по проект е градежно завршен. Меѓутоа, има неколку сервисни патишта за некои населби со по десетина куќи од левата и од десната страна на патот, кои не биле третирани со проектот, а излегувале директно на регионалниот пат. Сега, со овој автопат, тоа не е возможно. По увидот, видовме дека треба да се довршат тие сервисни патишта бидејќи и тие луѓе треба некако да комуницираат со Свети Николе или со останатите населени места. Затоа, донесовме одлука заради безбедност да се довршат тие сервисни патишта кои не се дел од главниот проект туку се надвор од автопатот. Тие ќе се работат и ќе се завршат и очекувам по завршувањето на овој циклус да биде пуштен во употреба и автопатот – истакна неодамна Зоран Китанов, директорот на ЈП за државни патишта.

Новиот автопат Штип – Миладиновци, со вкупна должина од 47,2 километри, почна да се гради во 2014 година, а со овие дополнителни работи што ќе чинат пет-шест милиони евра, нема да биде пробиен првично планираниот буџет од 226 милиони евра. Напротив, одговорните велат ќе има и заштеди. Парите беа обезбедени со кредитот од кинеската „Ексим банка“. Новиот автопат го скратува патувањето до Штип за околу 20 километри. По него ќе се вози со максимални 130 километри на час и од Скопје до Штип ќе се стига за околу половина час.

На вториот автопат, кој исто така се финансира со кредит од кинеската „Ексим банка“, Кичево – Охрид, чија вкупна должина е 56,7 километри, како што истакнаа министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, ќе се интензивираат градежните активности со подобрување на временските услови. И овој автопат почна да се гради во 2014 година, а неговата вредност тогаш се проценуваше на 375 милиони евра. Пет години подоцна, не е пуштен во употреба ниту километар од автопатот. По бројните воочени проблеми на лошо проектираната траса, рокот е пролонгиран до 2021 години, а цената на проектот порасна за уште 187 милиони евра што дополнително треба да се обезбедат од „Ексим банката“, а за што се чека одлука од кинеската влада. Тоа, нема да влијае на динамиката на изградбата на автопатот, тврдат од ЈП за државни патишта, од каде што не очекуваат ново пробивање на роковите за изградба на автопатот. Всушност, за автопатот кон Охрид се чека да се продолжи кредитот, откако техничките проблеми беа решени и се намалија цените на градежните работи, а од Владата најавија дека со тоа направиле и заштеди. Сега, законот за договорот за задолжување од кинеската „Ексим банка“, истече во јануари и се чека тој да се пролонгира од кинеската влада, за да можат непречено да продолжат градежните активности на терен.

– Изградбата на автопатот е во тек, независно од проблемот околу кредитот од „Ексим банката“. Претставници на банката беа кај нас. Се работи за процедура во кинеската Влада, но верувам дека тоа ќе се реши за месец. Ние од постојниот кредит имаме околу 200 милиони евра, така што и без тој кредит континуирано ќе продолжиме со работа. Наша тенденција е да не се чека крајниот рок за изградбата на автопатот (2021 година), туку етапно да се пуштаат во употреба делници од автопатот, така како што ќе бидат градени – вели Китанов.

Според најавите од ресорното министерство и ЈП за државни патишта, покрај двата автопати, моментално се работи и на четири магистрални патишта, како и на експресни и регионални патни правци, а од почетокот на март влезе во реализација и проектот за рехабилитација на 16 патишта низ државата. Дополнително, до крајот на март ќе биде започната реконструкција и рехабилитација на околу 40 патни правци, а се градат и четири нови мостови. Во тек е реконструкцијата на уште 12 мостови. Министерот Сугарески и директорот Китанов се категорични дека капиталните инвестиции оваа година ќе бидат исклучително високи. Се очекува до крајот на годинава да бидат рехабилитирани 800 километри патишта од најразлични категории. Според владините најави, годинава треба да биде во знакот на патната инфраструктура, при што: за изградба на нови, за доизградба, модернизација и рехабилитација на патиштата низ државата, според нивните проценки, ќе се потрошат една милијарда и 270 милиони евра.

Ј.С.Б.

Во првиот квартал

### Вкупно 48 милиони евра капитални инвестиции во патишта

Првиот квартал годинава, ЈП за државни патишта го започнал со трипати поголеми капитални проекти во споредба со истиот период лани.

– Реализацијата на капиталните инвестиции во овој квартал од 2019 година е за трипати повеќе или вкупно 48 милиони евра, за разлика од минатата година во истиот период, кога реализиравме само 15 милиони евра – истакна на крајот на март, Зоран Китанов, директорот на ЈП за државни патишта. Истовремено, тој наведе и дека јавното претпријатие за првиот квартал има собрано 7,7 милиони евра од наплата на патната такса, а најави продолжување и на изградба на: патишта, мостови и патарини во следниот период, со вкупна должина од 373 км, кои ќе „тежат“ 769 милиони евра.

– Освен со овие, во првиот квартал започнавме и со изградба на експресни и регионални патишта, мостови, како и рехабилитација на магистрални и регионални патишта, со вкупна вредност од 88 милиони евра и должина преку 360 км патна мрежа – посочи Китанов.

Во меѓународната активност на нашите државни претставници во првиот пролетен месец




# ПАТНИТЕ ПРОЕКТИ ВО ФОКУСОТ НА РАЗГОВОРИТЕ СО КОЛЕГИТЕ ОД РЕГИОНОТ

На средбите на премиерот Зоран Заев, министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески со нивните колеги од Албанија, Грција и Косово, патната инфраструктура и транспортот беа меѓу главните теми на разговорите

Патните проекти во нашата земја, но и на Балканот и пошироко беа во фокусот на вниманието на македонските државни претставници во нивните средби со колегите од регионот во првиот пролетен месец, март. Така, при посетата на премиерот Зоран Заев на Албанија и средбата со албанскиот премиер, Еди Рама, тој наведе дека во земјава се работи на патот Кичево – Охрид, на проектната документација за патот Кичево – Дебар – кон границата со Албанија, како и на железничката линија Кичево – Лим.

-Проектот One stop shop на граничниот премин Ќафасан очекуваме да ја зголеми мобилноста на луѓе и стоки, и општо трговијата. Посветено продолжуваме да работиме и на интерконективноста, изградбата на патна и железничка инфраструктура, пред сè, во рамките на Коридорот 8 – изјави премиерот Заев, кој исто така, посебно ги потенцираше граничните олеснувања и инфраструктурното поврзување, како придонес кон мобилноста на луѓето и стоките. Неговиот домаќин, албанскиот премиер Рама нагласи дека Шенгенскиот модел треба да се прошири низ регионот, Косово, Македонија и Црна Гора, со уверување дека сите земји од Западен Балкан треба да влезат во овој процес.

– Нашите граници мора да бидат проодни како границите на Европската Унија. Ако треба да го сториме тоа со членките на ЕУ, никој не нè спречува да го правиме тоа меѓу нас денес, а не утре. Порано или подоцна ние ќе им дадеме на граѓаните можност да влегуваат и да излегуваат во двете земји без какви било пречки, контроли, без ниту еден проблем, онака како што влегуваат и излегуваат во нивните земји граѓаните на ЕУ – посочи Рама.

За патните проекти, на средбата во Скопје, зборуваа и министрите за транспорт на Северна Македонија и Грција, Горан Сугарески и Христос Спирцис. На средбата се разговараше и за инвестициите во патната инфраструктура, при што министерот Сугарески информираше дека на Коридорот 10 се реализираат инвестиции во модернизација на патиштата.

– Ова е од особено значење и за двете земји, со оглед на транспортот на стока и патници што транзитира низ нашата земја, за кои крајна дестинација е Грција, или го користат Коридорот 10 за излез на европскиот пазар – рече Сугарески.

– Нашата визија е да овозможиме брз проток на стока и патници – истакна грчкиот министер Спирцис, информирајќи дека Грција ќе овозможи помош за прием на Република Северна Македонија во европските меѓународни организации, поврзани со патниот и со железничкиот сообраќај.

За потребата од што поскоро комплетирање на проектот за автопатско поврзување на Македонија и Косово стана збор на средбата на претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и неговиот домаќин претседателот на Стопанската комората на Косово, Берат Рукичи. Притоа, беше посочено дека патот од косовската страна е во финална фаза и се очекува да биде завршен до јуни годинава.

– Тоа треба да претставува поттик за посериозен пристап и почнување на градежните работи и од македонска страна порано од планираното – рече Рукичи. На македонска страна, патниот правец е со вкупна должина од 13 километри, чија проценета вредност изнесува 63 милиони евра и претставува дел од главната рута од Скопје до Приштина. Според планираното, изградбата на автопатот Скопје – Блаце треба да започне да се гради во втората половина на 2019 година и да заврши до крајот на 2022 година.

Претседателите на двете комори оценија и дека е потребно сите земји од западен Балкан да се стремат кон креирање позитивна бизнис-клима, преку континуирана работа на заеднички проекти, а меѓу другото токму и на оние за подобрување на меѓусебната инфраструктурна поврзаност.

Ј.С.Б.





www.amerit.org.mk

Со евалуација на досегашното функционирање на меѓуинституционалното тело

## ПРОМОВИРАН НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ



Во насока на целосна оперативност во наредниот период, во средината на март се промовираше работата на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, поточно се направи своевидна евалуација на досегашното функционирање на ова меѓуинституционално тело, составено од претставници на институциите во чија надлежност е борбата против сериозниот и организиран криминал. Иако центарот е формиран во 2014 година, сè до септември 2017 година не беа преземени никакви активности за негова реализација и операционализација. Поради тоа, со преземањето на повеќе мерки и активности согласно со изготвениот Акционен план, во кој се вклучени: Царинската управа, МВР, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и Јавното обвинителство, обезбедени се просторни, административни и материјално-технички услови Центарот да стане оперативен.

Со операционализацијата на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал се оствари и еден од приоритетите кој беше утврден во Реформскиот план на Владата „3-6-9“, а неговата работа преку изготвување на квартални анализи на работа, постојано се следи во рамките на „Планот 18“.

За поефикасна гранична контрола

## ПРОДОЛЖУВА УСПЕШНАТА СОРАБОТКА СО ПРОГРАМАТА EXBS НА АМБАСАДАТА НА САД

Во организација на Програмата за контрола на извозот и граничната безбедност - EXBS на амбасадата на САД во нашата земја, кон крајот на февруари се одржа обука – тридневен курс за попречување нелегални активности со патнички возила. Курсот беше наменет за царинските и за полициските службеници на граничните премини, за граничната полиција и за инспекторите од мобилните тимови, кои запираат возила и вршат претрес на сомнителните возила и возачи. Покрај обука во училница, овој курс се состои и од практични вежби, а покрај тоа и се дискутира и за прашања поврзани со начините на попречување нелегални активности во патничкиот сообраќај и за размената на информации за решавање на предизвиците, со кои овие службеници секојдневно се соочуваат при работењето што несомнено доведува до поголема ефикасност во овој сегмент на царинското работење.

Отворајќи го настанот, директорот на Царинска управа, м-р Ѓоко Танасоски во своето воведно обраќање кон присутните гости и учесници ја истакна важноста на темата на овој курс, а ја потенцираше и посветеноста на Царинската управа за подобрување на своите капацитети и квалитетот



на работа. Притоа, тој истакна дека за да се обезбеди поголема сигурност на границата, Царинската управа постојано работи на подобрување на методологиите и способностите врз основа на анализа на ризик. Исто така, Танасоски упати благодарност до Амбасадата на САД и до експертите од EXBS-програмата за нивната поддршка.

Работен состанок со 40 царински застапници

## ПОДГОТОВКИ ЗА ПОШИРОКА УПОТРЕБА НА СОЦДАД



Царинската управа во насока на дигитализација на работните процеси започна со активности на проектот Е-Царина, преку кој е планирана употреба на новиот Систем за обработка на царински декларации СОЦДАД. Овој систем го користат неколку пилот-царински испостави, во кои царинските декларации се обработуваат преку него, па со цел подготовка на сите засегнати страни, во февруари беше организиран состанок со 40 царински застапници од различни компании. На состанокот беа прикажани начинот на процесирање на царински декларации преку овој систем и неговите функционалности, како и поврзувањето со модулот за Интегрирана тарифна околина, преку кој ќе се пресметуваат царинските и другите давачки.

Царинската управа и во иднина ќе организира вакви состаноци со цел навремено информирање и запознавање на корисниците на услугите со основите на апликациите за спроведување на царинските постапки.

Билатерална средба на царинските служби на Република Северна Македонија и Косово

## ДОГОВОРЕНО ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПОТЕКЛОТО НА СТОКИТЕ



Во рамките на соработката на Царинската управа на Република Северна Македонија со Царината на Косово, на крајот на февруари, во Скопје, се одржа средба на директорите на двете царински служби, м-р Ѓоко Танасоски и Бахри Бериша со соработниците, при што беше договорено интензивирање и продлабочување на размената на информации во врска со потеклото на стоките, вредноста на стоките и воспоставување на заеднички профили на ризик. Интензивирањето на размената на овие информации ќе биде проследено и со воведување на зајакнати заеднички контроли за проверка на потеклото на стоките од двете царински служби на територијата и во Република Северна Македонија и во Косово.

На средбата беа договорени и низа активности за олеснување и забрзување на движењето на стоки и патници во рамките на ЦЕФТА-договорот за слободна трговија.

Амбасадорот на Романија во посета на Царинската управа

## РАБОТНА СРЕДБА ТАНАСОСКИ – СТАНИЛА



Директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски, во почетокот на март оствари работна средба со Виорел Станила, амбасадорот на Романија во нашата земја. На средбата што се одржа во просториите на Царинската управа, се дискутираше за приоритетите на романското претседателство со ЕУ и за поголемо вклучување на царинската соработка во Регионалната економска област на ЦЕФТА. Исто така, беше посочено и дека заедничките гранични царински испостави, размената на информации и борбата против корупцијата се едни од важните приоритети на кои Царинската управа на Република Северна Македонија во иднина ќе работи заеднички со колегите од ЕУ.

Со порастот на онлајн-купувањето




# ЦАРИНСКАТА УПРАВА СО ПОЕДНОСТАВЕНИ УВОЗНИ ПОСТАПКИ ЗА БРЗИ ПРАТКИ

Царинската управа, во соработка со Асоцијацијата за е-трговија на Македонија и други институции подготви нова поедноставена постапка за царинење на брзите пратки, а ДХЛ Експрес Македонија е првиот овластен декларант кој, по скратена постапка, испорачува стоки набавени преку интеренет

Според последните достапни податоци од НБРМ што се однесуваат на третиот квартал од 2018 година, со платежни картички се направени трансакции во вредност од 100 милиони евра за купување онлајн што претставува 28 % пораст во однос на истиот период претходната година. Од тоа, најголем дел (63 %) биле потрошени за купувања од странски е-трговци, или скоро 63,34 милиони евра. Вредноста на средствата потрошени кон странски е-трговци покажува и колку е значајно поедноставувањето на увозните постапки, при што со тие за брзи пратки, крајните корисници ќе заштедат време, ќе се зголеми ефикасноста при испорака на пратки и ќе се избегнат административните процедури кои беше потребно да се обезбедат од страна на примачот пред да се подигне пратката.

– Новата постапка за царинење на брзите пратки претставува поедноставување на самата царинска постапка за пратките коишто доаѓаат преку брзите пошти. Имено граѓаните и фирмите, кои добиваат стока од интернет, во иднина нема да мораат да доаѓаат на царина за да се извршат: декларирање, подигање и плаќање на самиот царински долг. Во овој случај, брзите пошти стануваат декларант, со што се скратува постапката за царинско ослободување на стоката, која доаѓа преку интернет и се овозможува скратување на времето за испорака, кое во некој просек досега се движише околу 72 часа, а сега ќе се намали на 24 часа – истакнува Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

ДХЛ Експрес Македонија е првиот овластен декларант преку кој може да се овозможи оваа поедноставена постапка и тие ќе добиваат информации какви пратки се доставуваат уште пред тие да бидат пристигнати во Македонија. Всушност, додека пратката се транспортира од одредена адреса во Македонија, по претходно одобрување од страна на крајните примачи на пратките, ДХЛ Експрес Македонија во име на примачот ќе може да ги изврши сите административни работи за пријавување и царинење на стоката и подмирување на царинскиот долг, со што по пристигнувањето на пратката таа веднаш ќе се испорачува до примачот. Со ова ќе се зголеми ефикасноста при испорака на пратки, а крајниот примач ќе биде ослободен од административни процедури, без разлика на вредноста на пратката.

– Сведоци сме дека пратките од ЕУ до нас пристигнуваат за 12 до 18 часа, но притоа за спроведување на постапката за увозно царинење и достава до крајниот корисник, неретко се потребни 48 – 72 часа. Конкретно, за физичките лица да ја оцаринат пратката којашто е пристигната во Република Македонија, трошеа многу време, пополнуваа многу документи, т. е. административните постапки беа многу долги. Сега, со добивањето на одобрението, всушност очекуваме дека ова време ќе биде скратено најмалку за 24 часа, при што ќе им заштеди време во транспорт, логистика, пополнување на документи и секако правење дополнителни трошоци за сето тоа. Всушност, ДХЛ Експрес Македонија ќе се јави како нивен застапник пред Царинската управа, ќе ги плати сите потребни давачки во нивно име и следното утро, пратката ќе ја достави на нивна адреса – вели Билјана Мановска-Наунчевска, оперативен менаџер на ДХЛ Експрес Македонија.

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија – АЕТМ од своето основање, работеше на мапирање на пречките, бариерите, предизвиците, коишто стојат на патот на развојот на е-трговијата и секако на формирањето на препораки. Со потпишување на меморандуми за соработка со клучните институции помогна за поттикнување на промени што се однесуваат на подобрување на е-трговијата.

– Оваа промена за поедноставување на увозните постапки за брзи пратки повеќе се однесува на побарувачката во е-трговијата, односно кога граѓаните прават онлјан-нарачки на производи од странство. Нè радува што Царинската управа е отворена за промена и се надевам дека ова е само една од низата промени кои ќе следуваат. Во текот на оваа година, ќе бидеме фокусирани да иницираме повеќе промени коишто ќе значат и промени на страната на понудата, односно ќе ја зголемиме конкурентноста на домашните компании и ќе им го олесниме патот, за да можат полесно да ги продадат и пласираат своите производи и на странските пазари – вели Нина Ангеловска, претседател на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија.

**Во Владата потпишан меморандум за позасилена меѓуинституционална соработка**

## Царинската управа – активен чинител во борбата против корупцијата и перењето пари



Во Владата на Република Северна Македонија, во почетокот на март, се одржа свечен чин на потпишување на Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупцијата и перење пари, со кои започнуваат активностите на институциите и за користење на посебна веб-апликација за оваа намена. Притоа, таа треба да го олесни собирањето и обработката на статистичките податоци за предметите за случаите на корупција и перење пари и други податоци од значење за градење на антикорупциската политика. Царинската управа активно учествуваше и даде значаен придонес со членството во работната група, која ја изготви Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика како и предметниот Меморандум, со кој се зајакнува меѓуинституционалната соработка во преземањето активности за превенција и борба против корупцијата и перењето пари.

www.amerit.org.mk

Објавен меѓународниот тендер за набавка на екоавтобуси за ЈСП – Скопје

# ПРВИТЕ ТРЕБА ДА СТАСААТ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАВА, А СИТЕ – СЛЕДНАТА ПРОЛЕТ




Според тендерот, рокот за доставување на техничките понуди од фирмите е 3,5 месеци, а доколку биде успешен „од прва", се очекува договорот со најдобриот понудувач да биде склучен во јули

ЈСП – Скопје распиша меѓународен тендер за набавка на нископодни CNG автобуси. Тендерот е објавен на страницата е-набавки на Европската банка за обнова и развој – ЕБОР, во согласност со чии правила и процедури, а и со чиј кредит од 10 милиони евра ЈСП треба да набави околу 35 до 40 еколошки автобуси на гас. Договорот за кредитот со ЕБОР беше потпишан во јануари, а покрај него ЈСП обезбеди и 1,8 милиони евра сопствени пари, додека 1,1 милион евра се грант од банката, за техничката соработка во подготовката на проектот. Според тендерот, рокот за доставување на техничките понуди од фирмите е 3,5 месеци (до 3 мај), а доколку биде успешен „од прва" се очекува договорот со најдобриот понудувач да биде склучен во јули, за веќе кон крајот на годинава да стигнат и првите екоавтобуси, додека сите би биле испорачани заклучно со пролетта догодина.

Како што веќе истакнаа и од ЈСП и од Градот Скопје, со набавката на новите автобуси ќе се овозможи побрз и пофункционален јавен превоз во главниот град, а значително ќе се придонесе и за подобрување на квалитетот на воздухот. Колку вкупно автобуси ќе бидат набавени зависи од понудите на тендерот, а сите тие ќе користат компримиран гас како погонско гориво и ќе ги исфрлат од употреба старите дотраени дизел-автобуси на ЈСП, со ЕУРО 2 стандард. Споредбено со потрошувачката на старите дизел-автобуси, овие ќе трошат речиси двојно помалку гориво, со што ЈСП ќе може да заштеди на трошоците за гориво, одржувањето и резервните делови на новите автобуси, а парите да ги искористи за натамошно инвестирање и унапредување на услужната дејност на претпријатието.

– Голем дел од автобусите ќе бидат зглобни – дводелни, а преостанатите ќе бидат еднечни. Зглобните автобуси ја имаат таа предност што имаат капацитет да превезуваат речиси двојно повеќе патници од двокатните и многу побрзо патниците да влегуваат и излегуваат од автобусите, со што ќе се намали времето потребно да се стигне до конкретна дестинација во градот. Во новите автобуси, ќе има можност и за валидација на најмалку две места во возилото. Сето ова, автоматски, на граѓаните ќе им овозможи побрзо да стасуваат до крајните дестинации, отколку сега возејќи се со кинеските автобуси – вели Кристијан Чушков, директорот на ЈСП – Скопје.

Б.С.

## „Скопска" со нов дизајн, од април билет за едно возење

ЈСП – Скопје пушти во продажба електронски картички „Скопска" со нов дизајн и тоа за двата вида: персонализирани и неперсонализирани картички. Нивната цена и функционалност останува иста како и на старите картички, при што новите „Скопска" имаат и хологрмска заштита, која овозможува поголем степен на безбедност од злоупотреба.

Одлуката за новиот дизајн на „Скопска" е симболично поврзана со планираните новини што ЈСП – Скопје ќе ги реализира во текот на годинава, како набавката на нови автобуси и корекциите во системот за наплата. ЈСП – Скопје, за април, најави дека ќе воведе и електронски билет за едно возење, а од јуни ќе се имплементира и напредна апликација за смарт-уреди, со кои на граѓаните ќе им се овозможи максимална флексибилност при користење и купување на нивните услуги. Напоредно со тоа, ќе биде извршена и надоградба на системот за електронска локација на возилата, кој ќе овозможи попрецизно и визуелно информирање на граѓаните со цел полесно планирање на патувањето.




Од 10 април

## ПОЦ менува дел од правилата за паркирање во Општина Центар

ЈП Паркинзи на Општина Центар од 10 април воведува промени во начинот на користење на резидентните паркиралишта со кои стопанисува. Имено, согласно со член 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на јавните паркиралишта од значење на Општина Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје" број 18/18) во член 7 се менува ставот 1, кој гласи: „Резидентни паркиралишта се јавни паркиралишта наменети единствено за станарите и жителите на Општина Центар коишто живеат во опфатот на јавното паркиралиште од значење за Општина Центар".
По измените во него, сега стои: „Резидентни паркиралишта и резидентни улици се јавни паркиралишта кои се уредени на начин единствено со намена за станарите и жителите на Општина Центар коишто живеат во опфатот на паркинг-секторот каде што се наоѓа односното јавно паркиралиште од значење за Општина Центар."
Како што велат од ЈП ПОЦ, правилата за користење на нерезидентните (комерцијални) паркиралишта остануваат непроменети. Жителите на Општина Центар и понатаму ќе можат бесплатно да ги користат сите нерезидентни, односно комерцијални паркиралишта, а останатите граѓани истите ќе можат да ги користат со паричен надомест, односно со испраќање СМС за определената зона или со купување билет од паркоматите, кои се поставени низ Општина Центар.
Од ЈП ПОЦ посочуваат и дека, од 10 април, сите корисници кои ќе постапат спротивно на новите насоки, односно сите возила што ќе бидат затекнати на резидентно паркиралиште или резидентна улица, а не се резидентни корисници на секторот во којшто се паркирани ќе бидат санкционирани и тоа, најпрво со поставување на механичко средство „блокатор", а доколку предвидениот надомест за блокаторот не биде подмирен во рок од два часа – возилото ќе биде отстрането со специјално возило „Пајак".
Во ЈП Паркинзи на Општина Центар истакнуваат дека овие промени се воведени со цел да им се овозможи на жителите на Општина Центар непречено да ги користат резидентните зони исклучиво за сопствени потреби. Имено, со овие промени ќе се воведе ред во паркирањето на резидентните паркиралиштата со кои стопанисува претпријатието, со цел ослободување на тротоарите, пешачките зони и јавните површини од непрописно паркираните возила.

Според градоначалникот Петре Шилегов



# СО ПРОЕКТОТ „ПАМЕТЕН ГРАД“ СКОПЈЕ ЌЕ СТАНЕ МОДЕРНА ПРЕСТОЛНИНА

Крајната цел на овој проект, вели Шилегов, е граѓаните да добијат ефикасни и евтини јавни услуги, со целосен увид во перформансите на градската администрација

Со реализација на проектот „Паметен град“, Скопје ќе стане модерна престолнина, каде што основен двигател се напредните информатички технологии. Тоа подразбира систематски собирани, корисни информации, организирани во функционален систем што ќе го поедностави секојдневниот живот на скопјани – истакна градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, на неодамнешната прес-конференција „Smart cities – Градови на иднината“ што се одржа во организација на Италијанската амбасада во нашата држава. Притоа, тој посочи дека крајна цел на проектот е граѓаните да добијат ефикасни и евтини јавни услуги, со целосен увид во перформансите на градската администрација.

– Работиме на воспоставување концепт за Централен комунален сервис, кој има цел да им овозможи на граѓаните простор каде што ќе можат да пријават проблем поврзан со комуналните услуги на градот Скопје и веднаш да добијат решение. Тоа вклучува функционални кол-центри, мобилни и веб-апликации кои ќе овозможуваат редовни известувања за информации




од комуналната сфера, плаќање комунални услуги и следење на статусот на решавање на пријавените проблеми – посочи Шилегов, чија визија за Скопје има цел да обезбеди и модерно управување со паркинг-местата во надлежност на градот, дигитализација на градските паркинг-места со централизиран систем на мониторинг и наплата.

– Она што сакам да го постигнеме на крајот е можноста секој граѓанин преку корисничка апликација да има увид во слободните паркинг-места, во реално време. Со тоа ќе го олесниме барањето на слободно паркинг-место, така што директно ќе влијаеме на заштедата на времето и на ресурсите на граѓаните – нагласи Шилегов, според кого, имплементацијата на „Паметен град“ како концепт бара брзи, конкретни, но добро испланирани и координирани чекори од повеќе институции на локално и национално ниво.

– Град Скопје е целосно подготвен да биде лидер во овој процес и да преземе сѐ што е неопходно за скопјани да добијат паметен и функционален град, кој ќе биде во чекор со модерните европски градови кои бележат сериозен напредок на ова поле – рече Шилегов.

С.Б.

Работилница „Градови на иднината“ за намалување на аерозагадувањето

## За незагадено Скопје, наместо бетонски – зелени паркинзи



Изнаоѓање мерки за решавање на проблемот со загадувањето на воздухот во Скопје беше целта на дводневната работилница „Градови на иднината“ што се одржа неодамна во Скопје, во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Град Скопје. Според Нарине Сахакјан, од УНДП, треба да се разгледаат проблемите во градот, поконкретно, загадувањето на воздухот, да се анализира комплексноста на појавата и да се види кои решенија можат да се применат. Таа смета дека најголемата трансформација треба да се случи во однесувањето на луѓето, но и на претставниците на владата, т. е. оние кои ги носат одлуките и политиките.

– Треба да се почне со едноставни решенија, на пример, паркинзите во Скопје, во најголем број, се направени од бетон или од асфалт. Би било добро решение доколку сите паркинзи се со трева. Тоа ќе придонесе за намалување на загадувањето. Исто така, енергетската ефикасност на зградите е задача за која треба да се бориме зашто помага во намалувањето на загадувањето – истакна Сахакјан.

Според заменик-министерот за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули, треба да се открие начин за користење на нови методи и технологии, да се направи поинаков и иновативен пристап и да се понудат решенија во справувањето со загадувањето.

Преку јавен повик на градот

## Ќе се изработува карта на бучава за Скопје



Ќе се изработува карта на бучава за Скопје, заедно со акциски план за нејзино намалување. За таа цел е распишан јавен повик од Град Скопје за избор на фирма, која ќе ја изработи картата, а заинтересираните компании своите понуди ќе може да ги достават најдоцна до 4 април.

– Станува збор за изработка на Стратегиска карта, која претставува темелна карта за бучава со сеопфатна проценка за опфатноста на бучавата и изложеноста на населението од различни извори – посочија од Градот, појаснувајќи дека станува збор за продолжување на активностите и анализите на состојбите со бучавата што ги врши Секторот за заштита на животната средина на Град Скопје. Стратегиската карта ќе мора да ја опфати бучавата што ја емитираат патниот и железничкиот сообраќај, авионите, како и индустриските локации или инсталации кои се обврзани да обезбедат интегрирани еколошки дозволи или решенија за одобрување на еколошки елаборати. Со акциониот план, треба да се даде план за управување со проблемите и ефектите предизвикани од бучавата, вклучувајќи и активности за нејзино намалување.

www.amerit.org.mk

Конференција ИРУ – ЕУ за постигнување на една од амбициозните климатски цели




# РЕИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕКАРБОНИЗАЦИЈАТА НА ТРАНСПОРТОТ

Ако креаторите на политиката ја донесат вистинската рамка и ги реинвестираат изворните генерирани приходи, на транспортните оператори ќе им овозможат да иновираат и да ги прифатат новите технологии

Наплатата од корисниците на патиштата може само да помогне да се намали емисијата на јаглеродот во секторот за патен транспорт, ако креаторите на политиката ја донесат вистинската рамка и ги реинвестираат изворните генерирани приходи. На тој начин, ќе им овозможат на транспортните оператори да иновираат и да ги прифатат новите технологии. Тоа беше заклучокот што го донесоа претставници на европскиот комерцијален патен транспорт во почетокот на март на конференцијата на ИРУ – ЕУ за декарбонизација на превозот преку надоместоците од корисниците на патиштата, организирана со поддршка на романското претседателство и Советот на Европската Унија.



Транспортот произведува околу една четвртина од емисиите на $CO_2$ во ЕУ. Според студијата од 2018 година за надворешните трошоци за сите видови на транспорт наведени од Европската комисија, комерцијалниот патен транспорт е одговорен за помалку од 10 % од овие трошоци. Сепак, плаќањата од страна на операторите за патен транспорт и понатаму сочинуваат многу висок процент од вкупниот износ на приходи што се собираат годишно. Повеќе од 200 претставници од секторот за патен транспорт и од институциите на ЕУ се собраа во Брисел на 6 март, на разговори околу најдобриот начин за поефикасно декарбонизирање на патниот сообраќај. Учесниците на конференцијата ја истакнаа важноста на реинвестирање во патарините и во даночните приходи во патната инфраструктура и проектите поврзани со патен транспорт што ќе помогне да се намалат трошоците за надворешниот транспорт. Посебно, еуровињетата треба да се користи како алатка за поддршка на декарбонизацијата и за безбедносните напори на секторот за патен транспорт, а не како инструмент за промоција на политиките за промена на модалитетот.

Интензивно се дебатираше за вклучување на автобускиот превоз во надоместоците за користење на патиштата. Колективниот превоз на патници претставува уште едно можно решение за намалување на јаглеродот на транспортната индустрија, а нејзините позитивни придобивки за општеството и животната средина треба да бидат соодветно препознаени преку обезбедување на соодветна поддршка и стимулации. Индустријата е подготвена да ја одигра својата улога во постигнувањето на амбициозните климатски цели на ЕУ и да инвестира во нови технологии, вклучувајќи и електрификација и алтернативни горива, сè додека не се преземат неопходните чекори за таквите иновации да станат лесно достапни за сите.




## Безбедноста – клуч на деловните можности

ИРУ го најави својот следен голем настан – Форумот за логистика и иновации (LIF) кој ќе се одржи во Лондон, Хитроу, на 3 октомври годинава. Настанот за новиот мрежен центар за иновативни решенија за патен транспорт, ќе ги собере водечките компании и некои од најтранспарентните транспортни и логистички оператори, како и асоцијациите членки на ИРУ, кои ги претставуваат транспортните оператори ширум светот. Безбедноста се смета за една од најголемите можности за иновации во транспортните и логистичките компании. Претстојниот LIF-настан ќе се фокусира на безбедноста и како таа да го освои бизнис-потенцијалот понуден од новите технологии.

Транспортните оператори, давателите на услуги, националните транспортни асоцијации и приватните компании ќе имаат единствена можност да споделат знаења, да се поврзат едни со други и да научат нови решенија кои ја водат индустријата напред.

По тригодишно траење и скорото финализирање пролетва

# ПРОЕКТОТ LEARN ПОМОШ ЗА ТРАНСПОРТНИТЕ ОПЕРАТОРИ ПРИ УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАГЛЕРОДОТ

Проектот LEARN уште еднаш покажа дека мониторингот на емисиите на стакленички гасови може да биде корисен начин за поддршка на операторите за патен транспорт и логистика во нивните напори за подобрување на ефикасноста, намалување на трошоците и управување со влијанието врз животната средина

Намалувањето на јаглеродот во товарниот транспорт и логистичкиот сектор останува главен приоритет. Проектот LEARN, финансиран од ЕУ, уште еднаш покажа дека мониторингот на емисиите на стакленички гасови може да биде корисен начин за поддршка на операторите за патен транспорт и логистика во нивните напори за подобрување на ефикасноста, намалување на трошоците и управување со влијанието врз животната средина. Проектот LEARN, кој траеше три години и завршува оваа пролет, се фокусира на понатамошно развивање и имплементирање на глобално ниво. Оваа хармонизирана методологија, пресметува емисии на стакленички гасови низ логистичкиот синџир за да се олесни споредбата на резултатите добиени со постојните методологии во различни земји.

Една од клучните цели на проектот беше да се поттикне поголема употреба на GLEC Framework од страна на бизниси вклучени во транспортниот и логистичкиот сектор. ИРУ е силен поддржувач за поголемо усогласување во мерењето на емисиите на јаглерод и ја користи GLEC Framework за зајакнување на постојните алатки за обука за патниот, транспортниот и логистичкиот оператор. Проектот е тестиран и од транспортни компании од различни големини во секојдневните оперативни услови.

За време на последната конференција LEARN во Брисел, Марк Билиет, виш советник за транспорт на стоки на ИРУ, го нагласи фактот дека тестирањето, во практиката ја покажа достапноста на GLEC Framework, дури и во малите и во средните претпријатија. Сепак, компаниите треба уште повеќе да се убедат во потребата за активно следење на нивните операции и да ги користат излезните податоци во своја корист. Треба да се преземат чекори за да се подобри собирањето податоци и да се изградат нивоата на соработка и доверба меѓу засегнатите страни во логистичкиот синџир за проектот да биде успешен.

На заедничкиот настан IRU / UNTRR, одржан на 19-ти февруари во Букурешт, ИРУ ја помогна размената на најдобрите практики, предизвиците и можностите за обезвоздушување на патниот транспорт, помеѓу експертите на ЕУ и романските транспортни оператори, вклучени во тестирањето во реалниот живот. Подобрувањето на собирањето и размената на податоци, како и поттикнувањето на знаењето и зголемувањето на довербата во методите за пресметка, беа идентификувани како клучни предуслови за успешна имплементација на проектот во иднина. ИРУ ги поддржува случувањата во областа на мониторингот на јаглеродот, но напоменува дека ваквите напори треба да продолжат и дека треба да се избегнува цврстата рамка на европското законодавство во оваа област.

ТИР-системот освојува нови пространства

# КИНА ЈА НАСОЧИ ТРГОВИЈАТА КОН УШТЕ ЧЕТИРИ ГРАНИЧНИ ТОЧКИ

Кинеската царина од 25 март вклучува во работењето со ТИР уште четири гранични премини со Казахстан

Царината на Кина ќе отвори повеќе гранични премини за ТИР, ќе започне трговски текови и ќе ја зајакне трговската размена преку копно кон и од Кина. Притоа, како мошне значајни транзитни точки, граничните премини ќе имаат клучна улога во поврзувањето на Кина со: Централна Азија, Западна Азија, Русија и Европа. Ваквата новина покажува силна заложба од кинеската царина за развивање на ТИР во Кина и нејзино користење како ефективна алатка за олеснување на трговијата и се испраќа моќен сигнал до светот, дека Кина продолжува да ги отвора своите пазари. Така, од 25 март годинава, назначени за работа со ТИР се и четири гранични премини со Казахстан, и тоа: Maikapchagai – Jimunai, Dostyk – Alashankou, Kolzhat – Dulata и Bakhty – Baketu. Заедно со Хоргос, кој беше отворен во мај 2018 година, овој потег значи дека сите пет кинеско-казахстански гранични премини ќе бидат целосно оперативни за ТИР.

Ова е важна новина пред вториот Самит на претседателот на Кина, Кси Џинпинг, што ќе се одржи во Пекинг кон крајот на април, на кој ќе учествуваат шефови на држави и други високи владини претставници на меѓународни институции, бизнис-лидери и експерти од индустријата од целиот свет. Генералниот секретар на ИРУ, Умберто де Прето, е поканет да присуствува на Самитот на претседателот Кси, со уверување дека тука ќе се слушне и гласот на индустријата за патен транспорт. За време на првиот „Belt and Road“ самит во 2017 година, царината на Кина и ИРУ формираа стратешки договор за соработка во промовирањето на изградбата на меѓународни логистички коридори, како и на имплементацијата на ТИР во Кина.

Преку оваа плодна соработка е постигнат добар напредок во текот на изминатите две години.

ИРУ ќе ја олесни ТИР-обуката за четирите гранични премини за да се обезбеди непречено функционирање на терен. Со Кина и Казахстан, кои ја поддржуваат неодамнешната резолуција на ОН за дигитализација и автоматизација на транспортот, оваа вест, добива и импулс за користење на дигиталните алатки на TIR и e-CMR во регионот.

www.amerit.org.mk

Возачите се исто толку важни како и деловните партнери




# КАКО ИСКУСНИОТ ВОЗАЧ АНДРЕ КИСКЕР ЈА ВОДИ СВОЈАТА ТРАНСПОРТНА КОМПАНИЈА?

„Возачот на камионот е исто толку важен како и деловниот партнер. Ако тој е незадоволен, не можете да испорачате добар квалитет на услугата", вели Андре Кискер, управител на H & K Transporte

## Сонот за транспортната индустрија

Дали денес е воопшто можно да ги реализирате вашите соништа во транспортната индустрија и да започнете сопствен бизнис? Андре Кискер од H & K Transporte пред пет години изјави: „Yes, I can". Но, оваа негова одлука не беше лесна. На Саемот за комерцијални возила на ИАА 2018 во Хановер, обучениот возач и денес управител, заедно со својот партнер, го купи својот шести камион. Сепак, неговиот „пат до успехот"не беше секогаш „розов". Кискер дури размислуваше и да се откаже, кога во летото 2017 година, еден од неговите вработени ненамерно беше вклучен во сериозна несреќа и преживеа само благодарение на среќата:

– Тоа беа емоционално и психолошки многу тешки месеци. Вие сте загрижени за животот на вашиот колега и секогаш се чувствувате одговорни. Покрај тоа, нема замена и мора да продолжите да се грижите за вашиот секојдневен бизнис – вели Кискер.

## Почитта како валута

За основачот на H & K Transporte, почитта е основата на која се гради неговата транспортна компанија. На крајот на краиштата, секој експерт многу добро знае дека најголем предизвик е наоѓањето и одржувањето на стручниот персонал:

– Во моментов во Германија недостасуваат 45.000 возачи. Наскоро, најголемиот дел од сегашните возачи ќе заминат во пензија и нема да има кој да ги замени. Претпоставените не одговараат на потребите на вработените, а возачот на камионот е исто толку важен како и деловниот партнер. Ако тој е незадоволен, не можете да испорачате добар квалитет на услугата – посочува Кискер.

Поради ова, за Кискер во неговата компанија H & K Transporte, пријатното работно место и семејната заедница се најважни:

– Ние ги слушаме нашите вработени и прашуваме каква им била седмицата, како им се допаднале работните налози и патувањата – истакнува тој.

Исто така, екипата на Кискерс и технички е оптимално опремена. Секој „член на семејството" кој ќе го помине пробниот период, може да го подготви и да го конфигурира сопствениот камион. Позитивниот спореден ефект од тоа е: повеќе чувство за должност кон возилото и кон стилот на возење, и пред сè, поголема идентификација со компанијата.

## Успех или пропаст?

Кискер ги советува младите претприемачи однапред да размислат за предвидениот бизнис-модел:

– Треба да бидете подготвени за многу напор и огромен трошок – нагласува тој.

Се разбира дека имате полесен почеток ако имате сопствен капитал, зашто потоа можете да продолжите со профит.

– Впрочем, не мора да купите веднаш 20 скапи возила: Ние придвижуваме повеќе утовари отколку што имаме возила. Со цел да ги услужиме големите потрошувачи, ние работиме заедно со транспортните партнери на TIMOCOM – вели Кискер.

Проширувањето на компанијата и во иднина го гледа како прилично тешко: – Постои побарувачка. Ние навистина секојдневно размислуваме за тоа како да добиеме добри професионалци – потенцира Андре Кискер, управителот на H & K Transporte.

Пречките, за да се влезе во некоја професија, која е тешка и останува тешка, се премногу. Сепак, подобриот имиџ, почитуваниот пристап и разумната плата биможеле да помогнат. Но, за ова е потребно и преиспитување во општеството.

**Повеќе информации за TimoCom на www.timocom.com.**

Европскиот парламент даде зелено светло за реформа на визниот информативен систем (ВИС)

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРОВЕРКИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО ЕВРОПА




Европратениците сакаат со реформата на ВИС да се вклучат и задолжителните безбедносни проверки во сите бази на податоци на ЕУ, за да се откријат барателите кои користат повеќе идентитети и кои претставуваат ризик за безбедноста и за нерегуларната миграција

Европскиот парламент неодамна го одобри подобрувањето на визниот информациски систем (ВИС), кој треба да обезбеди подобар одговор на ЕУ за предизвиците во безбедноста и миграцијата. Европарламентот ја поддржа убедливо одлуката за реформа на визниот информациски систем, но преговарачите на Советот на ЕУ и Парламентот сè уште треба да се договорат за конечниот текст на законот. Се оценува дека со реформата на ВИС „се исполнуваат празнините во стратегијата на ЕУ за безбедност“. – Златните визи ќе бидат контролирани како никогаш досега во Европа. Безбедносните проверки ќе бидат хармонизирани низ целиот континент, со зголемена соработка меѓу конзуларните власти, граничната полиција и царината. Ќе имаме подобри алатки за враќање,  ќе спречиме трговија со деца и подобро ќе ги идентификуваме криминалците и терористите. Ова е информативен систем кој е доказ за иднината – велат од ЕП.

Инаку, визниот информативен систем (ВИС) е европска база на податоци, што властите ги користат за контрола на државјани на трети земји, кои бараат виза за патување во Шенген-зоната. Реформата на овој систем, се смета дека ќе овозможи тој подобро да одговори на предизвиците поврзани со безбедноста и миграцијата и да го оптимизира управувањето со надворешните граници на ЕУ. Притоа, европратениците сакаат со реформата да се вклучат и задолжителните безбедносни проверки во сите бази на податоци на ЕУ, за да се откријат барателите кои користат повеќе идентитети и да ги идентификуваат оние што претставуваат ризик за безбедноста и за нерегуларната миграција.

Практично, визниот информативен систем им помага на властите задолжени за издавање визи, за контрола на границите и за азил и миграција, да ги проверуваат државјаните на трети земји кои бараат виза за патување во Шенген-зоната од 2011 година. Земјите членки на ЕУ секоја година обработуваат околу 18 милиони барања за визи за краток престој или таканаречените „Шенген-визи“, а од август минатата година, системот содржи повеќе од 60 милиони апликации за виза и 40 милиони отпечатоци од прсти.

Ј.С.Б.

Со одлуката донесена при крајот на март

## ЕП за укинување на промената на сметање на времето



Европскиот парламент при крајот на март ја поддржа предлог-директивата, со која од 2021 година, на ниво на ЕУ се укинува полугодишното поместување на времето, а на земјите членки им се препушта одлуката до април 2020 година да се определат за трајно летно или за трајно зимско сметање на времето. Новата директива не значи автоматско укинување на летното сметање на времето во ЕУ ниту воведување на „единствено време“ во Европа, туку таа ја заокружува практиката на усогласено поместување на времето на ниво на ЕУ и им овозможува на државите членки да одберат сопствен начин на сметање на времето. Со тоа Директивата по која во последната недела од март се преминува на летно сметање на времето со поместување на стрелките еден час нанапред, се става надвор од сила, додека во последната недела во октомври, се враќа на стандардното сметање на времето со поместување на стрелките еден час назад.  Преминувањето на времето од зимско кон летно и обратно за првпат почнало во 1916 година во државите на север во Европа, а денес е практика во 70 земји во светот. Барањето за укинување на поместувањето на стрелките на часовниците го покрена ЕК поради повеќе докази во ЕУ за негативното влијание на ваквата практика врз човековиот биоритам, која доведува до зголемен број сообраќајни несреќи, но и до пад на продуктивноста на работното место. Летното и зимското сметање претходно е укинато во: Русија, Турција, Белорусија и Исланд.

www.amerit.org.mk

РСБСП по повод „8 Март“ – Денот на жената



# ЖЕНИТЕ СЕ СОВЕСНИ ВОЗАЧИ КОИ ВОЗАТ БЕЗБЕДНО

Од РСБСП посочуваат дека учесниците во сообраќајот можат да се поделат само на совесни и несовесни, а секоја генерализација и сите стереотипи за жените возачи се неоправдани и погрешни

Наспроти стереотипот, што сè уште е присутен, дека жените се лоши возачи кои возат небезбедно, статистиката покажува дека тие многу помалку предизвикуваат сообраќајни незгоди со фатални последици. Истовремено, жените повеќе ги почитуваат правилата за ограничување на брзината и поставената сообраќајна сигнализација, повеќе внимаваат на ранливите групи учесници во сообраќајот, не поминуваат на црвено, не возат под дејство на алкохол... Исклучоци секако постојат, но секое тврдење по автоматизам дека жените се лоши возачи е еднакво неоправдано, како и тврдењето дека жените се совршени возачи. Ова, меѓу другото го истакнаа од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП), по повод „8 Март“ – Денот на жената, притоа изразувајќи благодарност до сите припаднички на понежниот пол за нивната грижа за безбеден сообраќај.

Од РСБСП посочуваат дека не можеме и не смееме да ги делиме возачите по пол и врз основа на тоа да носиме заклучоци дали некоја група возачи е добра или лоша. Секој учесник во сообраќајот носи лична одговорност за своето поведение во сообраќајот, а неговата безбедност е сериозна проблематика која не дозволува родови и полови разлики. И учесниците не можат да се поделат на машки и женски, туку само на совесни и несовесни, а секоја генерализација и сите стереотипи за жените возачи се неоправдани и погрешни. Жените се активни и рамноправни учесници во сообраќајот. Освен како пешаци и велосипедисти, денес, сè поголем број жени, активно учествуваат во сообраќајот и како возачи на моторни возила и како мотоциклисти, а некои од нив и како професионални возачи. Ако пред дваесеттина години жените претставувале само незначителен процент од возачите, денес таа бројка се доближува до 50 %.

– Жените, велат од РСБСП, покажуваат високо ниво на свесност и одговорност за безбедноста на сите учесници во сообраќајот, а согласно со тоа, тие постојано се грижат и советуваат за безбедноста во сообраќајот и во улога на родители, учители, пријатели – истакнаа од РСБСП, честитајќи им го на сите припаднички на понежниот пол Денот на жената – „8 Март“.

J.С.Б

## Трудниците возачи добиваат посебни паркинг-места

Бремените жени и возачите, кои во своите автомобили превезуваат деца до три години добиваат посебни паркинг-места на паркиралиштата. Тие места ќе бидат обележани со соодветни табли, а возилата во кои се возат овие две категории граѓани ќе бидат обележани со налепници. Ова е предвидено со проектот „Безбедни семејни паркинг-зони“ што го започна Автомото сојуз на Македонија (АМСМ) во соработка со МВР, Министерството за транспорт и врски, ЗЕЛС, Факултетот за безбедност и Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство каде што ќе бидат обележани првите вакви паркинг-места. Со проектот, како што истакнаа: директорката на Клиниката, Викторија Јовановска и деканот на Факултетот за безбедност, Никола Дујовски се нудат позитивни европски решенија за идните мајки и ќе се имплементираат европските стандарди.



Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски нагласи дека МВР ќе помогне ова решение да се операционализира, а во интерес на граѓаните е и подигнувањето на нивото на сообраќајната безбедност. Градоначалникот на Скопје, Петре Шилегов, ги повика сите општини активно да се вклучат во проектот преку промена на постојните правилници за сигнализација на патот.

– Со тоа не само што ќе ги следиме европските трендови за зголемување на безбедноста во сообраќајот туку и директно ќе влијаеме за намалување на бројот на жртви во сообраќајот, особено од ранливите категории – рече Шилегов.

За примена на проектот, Министерството за транспорт и врски и МВР треба да го изменат Правилникот за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација на патот, каде што ќе се додаде нов знак со форма и изглед, со што сообраќајно ќе се обележи предвиденото место за оваа група возачи.

– Очекуваме измените да завршат по еден до два месеца. Крајната цел е зголемена безбедност за сите учесници во сообраќајот, особено за бремените жени – потенцира министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески.

Пролетната раздвиженост по улиците носи и големи ризици

# ПЕШАЦИТЕ И ПОНАТАМУ СЕ МЕЃУ НАЈЗАГРОЗЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ



Во 2018 година, 27 пешаци загинале во сообраќајки, од кои 14 имале над 65 години, а 861 биле сериозно повредени

Пролетната раздвиженост носи зголемен интензитет на сообраќајот, а со тоа и поголеми ризици и закани за неговите учесници, при што, согласно со статистиката, пешаците и понатаму се една од најзагрозените групи. Тоа го покажа и црната статистика за 2017 година, според која, 34 пешаци го загубиле животот во сообраќајни незгоди, од кои, дури 17 биле на возраст над 65 години, а 914 се сериозно повредени. Во 2018 година, 27 пешаци загинале во сообраќајки, од нив 14 имале над 65 години, а 861 биле повредени. Според РСБСП, една од причините за ова, покрај грешките на возачите и несоодветната инфраструктура, е и непочитувањето на правилата и прописите од страна на пешаците, и тоа: поминување преку улица надвор од пешачки премин, на црвен семафор, помеѓу две коловозни ленти и возила во движење, разговарање по мобилен телефон или слушање музика...

Пешаците се најмасовната и најранливата група учесници во сообраќајот, а истовремено, и најмалку контролирани и санкционирани што резултира со голем број загинати и повредени. Сепак, и кај возачите има одговорност и вина, па црната статистика е последица на непочитување на сообраќајните правила и прописи и од едните и од другите. Затоа, од РСБСП потсетуваат дека возачите мора да се движат со особено внимание секогаш кога се приближуваат кон пешачки премин, да ја намалат брзината и да ги пропуштат пешаците. Тоа никако не значи дека пешаците имаат апсолутно право на првенство на минување, додека не се уверат дека возилата се во можност безбедно и навреме да застанат. Непочитувањето на ова правило, и од страна на возачите и од страна на пешаците, е најголемата причина за сообраќајни незгоди во кои страдаат пешаците, велат од РСБСП.

Ј.С.Б.

РСБСП во рамките на кампањата „Без изговори, без оправдувања!“

## Паркирај одговорно, секогаш и секаде!

Сообраќаен метеж, недоволен број паркинг-места, „окупирани“ тротоари, пешачки и велосипедски патеки, непроодни пешачки премини, зафатени паркинг-места за лица со ограничени можности – ова е секојдневната слика по нашите населени места. Сето тоа резултира со нервозни возачи, пешаци и велосипедисти, кои реагираат дека им е попречено правото на слободно движење и им е загрозена безбедноста.

Очигледно е дека во сите поголеми градови, недостасуваат паркинг-места, како за моторните возила, така и за велосипедите, но тоа не ги оправдува и покрива лошите навики и ниското ниво на сообраќајна култура. Едноставно, хаосот во паркирањето им го загрозува животот на сите учесници во сообраќајот, па и на најмалите – децата. Затоа, РСБСП потенцира дека е крајно време да почнат да се менуваат навиките и културата за паркирање, а и за начинот на однесување во сообраќајот.

– Затоа, без изговори и без оправдувања! Паркирајте одговорно, секогаш и секаде, за безбеден сообраќај и за непречено движење на сите учесници во сообраќајот – повикуваат од РСБСП.



Volvo Trucks



# НОВИ СИСТЕМИ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ

Поголемата безбедност во сообраќајот е приоритет во развојот на тешките возила заради што секојдневно се појавуваат нови системи кои му помагаат на возачот

Компанијата Volvo е позната по грижата за безбедноста и е предводник во имплементирањето на нови технологии кои помагаат во спречувањето на сообраќајни несреќи и намалување на последиците од нив. Една таква е динамичкото управување, кое сега е подобрено со нови функции. Тие покрај нивното директно влијание на безбедноста со својата електронска поддршка, на возачот му обезбедуваат и подобро опкружување со што се намалуваат заморот и стресовите во возењето што повторно како последица има зголемена безбедност.

Динамичното управување е развиено така што автоматски ги компензира нерамнините на површината на патот и ги елиминира вибрациите и ударите на управувачот. При мали брзини отпорот на управувачот е намален за околу 75 % што е голема предност при возење кон назад и маневрирање на мал простор. Дополнително, управувачот автоматски сам се центрира откако возачот ќе го намали стисокот на него. При поголеми брзини, камионот сигурно ја одржува насоката на движење дури и на лоши површини и при силни странични ветришта. Оваа технологија е заснована на хидрауличното сервоуправување потпомогнато со електронски регулиран електромотор кој континуирано го прилагодува и обезбедува дополнителна сила при вртење кога е тоа потребно.

За овој наградуван систем, директорот за безбедност во сообраќајот и производи во Volvo Trucks, Карл Јохан Алмквист ќе каже: „Динамичкото управување навистина внесе револуција во работата на возачот. Подобрата стабилност на правците, полесното маневрирање и поголемиот комфор ги намалија ризиците од несреќи на патиштата и повредите. Сега го надградуваме со нови функции кои помагаат сообраќајот да биде уште побезбеден. Сето тоа е во согласност со нашата визија со Volvo камионите да не се случуваат никакви несреќи. Овие функции се развиени за да им помогнат на возачите да избегнат некои од најчестите ситуации идентификувани преку нашата програма за истражување на несреќите во сообраќајот“.

Со интегрирање на динамичкото управување со другите системи за подобрување на удобноста и безбедноста, тоа доби две нови функции за поддршка на возачите во избегнувањето несреќи на патиштата: асистенција за стабилноста и за останување во лентата на возење. Првата има задача да го спречи пролизгувањето на камионот пред да дојде до него. „Замислете дека возите на влажен и лизгав пат и одеднаш забележувате дека задниот дел на камионот почнува да пролизгува. Во тој момент треба само лесно да го свртите управувачот во спротивна насока додека опасноста не помине – функцијата за асистенција за стабилноста ќе го стори останатото пред воопшто да се случи нешто лошо“, објаснува Карл Јохан Алмквист. Ова се остварува во соработка со контролниот систем за електронска стабилност на камионот. Сензорите континуирано го надгледуваат однесувањето на возилото и кога ќе се открие и најмала тенденција за пролизгување, системот се активира стабилизирајќи го.



Функцијата за задржување на лентата на возење го предупредува и му помага на возачот кога постои ризик од скршнување од патот

Асистенцијата за останување во лентата на возење, го намалува ризикот од скршнување од патот и ненамерно преминување во друга коловозна лента. Кога системот ќе открие дека камионот се движи блиску до работ на лентата, благо реагира со свртување на управувачот во одговарачката насока. Со нежни вибрации го известува возачот за ризикот и му помага да го врати возилото назад во својата лента. Системот ја следи позицијата на камионот со помош на камера.

Покрај овие две нови функции за помош на возачот, Volvo Trucks ја воведе и посакуваната можност за поединечно прилагодување на отпорот на управувачот во камионите. „Секој возач има поинаква перцепција за тоа колку лесно или тешко треба да биде вртењето на управувачот. Сега секој сам може да го приспособи отпорот на управувачот точно онолку колку што сака за удобно, опуштено и сигурно возење што е многу практична карактеристика за камионите кои често имаат различни возачи“, вели Алмквист.



Во случај приколката на камионот за почне да занесува, сè што треба возачот да стори е да го сврти малку управувачот во спротивна насока

Scania C-me




# „ПАМЕТНА ЈАКНА“ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ

Scania во соработка со шведските компании Light Flex и Imagimob разви јакна која освен што убаво изгледа, може да повика и помош ако нешто се случи

Во Европа, транспортот е трето најопасно занимање. Возачот постојано е под ризик на сообраќајни несреќи, а е изложен на опасност и додека е надвор од возилото извршувајќи ги другите активности: товарање, прицврстување на товарот, негова испорака и слично. Притоа, со оглед на големиот број влегувања и излегувања од кабината, тој може да падне и да се повреди или на него да налета некој друг учесник во сообраќајот. За вакви не-дај-боже случаи, Scania и шведските компании: Light Flex и Imagimob развија „паметна јакна“ која со помош на различни сензори регистрира кога возачот излегува од кабината и автоматски се осветлува за тој да биде полесно уочлив. Јакната е поврзана со помош на блутут со телефонот на возачот, кој преку апликација одбира дали светлечките елементи на неа ќе трепкаат или постојано ќе светат. Доколку тој падне и загуби свест (сензорите тоа го регистрираат како ненадејно движење по кое следи неактивност), јакната ќе испрати повик за помош до итните служби или диспечерскиот центар на превозникот, заедно со ГПС-локацијата на возачот, односно неговиот телефон.


Кога ќе се сврти наопаку, „паметната јакна“ на Scania станува класичен рефлектирачки елек

УАЗ



# УАЗ СО СВОЈ ЗАСТАПНИК ВО МАКЕДОНИЈА

Добра вест за сите на кои им треба издржливо и докажано теренско возило

Од неодамна, по подолга пауза, рускиот УАЗ е повторно присутен во Македонија со свој застапник. На предизвикот да ги пласира издржливите и докажани руски теренски возила се нафати фирмата УАЗ Патриот од Радовиш, која освен нови возила ќе обезбедува и сервис и резервни делови. Возилата на оваа руска марка се добро познати во Македонија, но долга низа години, тие се без постпродажна поддршка. На пазарот ги заменија некои други, но сепак многу луѓе, претпријатија и разни служби во нив, ќе ја најдат алатката што им е потребна за извршување на своите обврски. Познати по своите можности за совладување екстремни терени, тие имаат воено потекло проверено и докажано во 50 земји на 5 континенти. Во понуда е целокупната производствена програма – од рустикалниот Hunter преку помодерниот Patriot до комерцијалните и специјални изведби, кои се достапни преку кредит и лизинг од деловните банки. Автосалонот на УАЗ Патриот се наоѓа во поранешниот комплекс Шампион во Радовиш.

Schmitz Cargobull

# ВРАЌАЊЕ НА КОНТЕЈНЕРСКИТЕ ШАСИИ



Откако пред десетина години престана да ги произведува, Schmitz Cargobull ги враќа контејнерските шасии во својот асортиман. Тогаш побарувачката за нив драстично се намали поради економската криза и производствените капацитети одеднаш станаа преголеми и нерентабилни. Во меѓувреме ситуацијата се смени, побарувачката се опорави и најголемиот европски производител на приклучни возила сега повторно ја воведе S.CF линијата полуприколки. Во понуда се три варијанти: 45‘ Euro Light, 45‘ Euro и 40‘ LX. Како и сè друго од Schmitz Cargobull, се одликуваат со едноставно ракување, ниски трошоци за одржување и голема доверливост во експлоатацијата.

www.amerit.org.mk

Volkswagen T6.1



# ДИГИТАЛИЗИРАН, СО ОСВЕЖЕН ИЗГЛЕД И ЕЛЕКТРИЧЕН ПОГОН

Volkswagen го претстави обновениот T6.1 чии главни новости се целосно дигитализираната внатрешност и електричната изведба

Т-серијата е најважен производ на комерцијалното одделение на Volkswagen, кој приказната на ова поле ја започна со моделот T1 пред 70 години. До денес таа е напишана во шест продолженија и е продадена во 12 милиони копии. Најновото сега доби ново поглавје, насловено како T6.1.

Новата генерација на популарното комби возило на Volkswagen донесе интересни новости. Светот засега се запозна само со патничката Multivan изведба, додека останатите ќе бидат претставени малку подоцна. Освежениот изглед со дневни ЛЕД-светла е изведен со многу хром и е доведен во корелација со новата генерација



Кај новиот T6.1 внатрешноста е целосно дигитализирана



Продажбата на T6.1 ќе започне наесен

на патничките возила на марката, пред сè Touareg и Passat. Внатрешноста која го задржа истиот распоред сега е целосно дигитализирана со виртуелен кокпит од третата генерација со модуларен инфозабавен систем кој доаѓа со централен екран со големина од 8 или 9,2 инчи. Системот за управување сега е електро-хидрауличен со што е овозможено вградување на сите системи за помош за кои е нужна интервенција во управувањето. Изведбата е повеќе или помалку преземена од новиот Crafter, од каде што доаѓаат и другите електронски системи – стабилизирањето на возилото при страничен ветар, одржувањето на лентата на возење, помошта при паркирање, предупредувањето за возила што наидуваат при излегување од паркинг и системот за стабилизација на приколката.

За погон и понатаму ќе служи 2.0 TDi моторот кој во најновата изведба ги исполнува Euro-6d-TEMP-EVAP нормите, во верзии од 90, 110, 150 и 199 KS. 4Motion погонот на сите тркала и DSG автоматизираниот менувач со двојна спојка ќе може да се добие со посилните од нив, а најавена е и целосно електрична изведба со 112 KS и капацитет на батериите од 77,6 kWh доволни за 400 km.

Rafako Ebus

# ПРВ АВТОБУС СО БАТЕРИИ ВО ШАСИЈАТА

Полската компанија Rafako го претстави прототипот на својот прв автобус со кој има сериозни намери. Имено, овој електрично задвижуван автобус може да се пофали со единствена конструкција бидејќи батериските блокови му се сместени во шасијата за разлика од другите електрични автобуси кај кои батериите се или назад или во покривната конструкција. Според наводите од компанијата, ваквата позиција на батериите овозможува поголема стабилност за 20 % бидејќи те-



Полскиот Rafako Ebus е прв автобус со батерии сместени во шасијата



жиштето е пониско. И висината на автобусот е помала – на пример, Mercedes eCitaro е висок 3,4 а Rafako Ebus 3,2 метри. Овој автобус има и интересно решена каросерија чија основа ја чинат перфорирани челични елементи и панели од полиестерски ламинат, кој е многу траен. Полјаците тврдат дека ваквата конструкција на каросеријата е полесна од вообичаената за 10 % што се одразува на патничкиот капацитет и автономијата.

За погон на овој 8,4 метри долг автобус се користи централно сместен електромотор со перманентни магнети со моќност од 140 kW. Rafako планира производство на две верзии на електричниот автобус: приградска са NMC батерии со капацитет од 144 kWh и школски автобус со LTO батерии од 61 kWh кои на брз напојувач ќе можат да дополнат до 90 % од капацитетот за време од само 15 минути.

Женева 2019




# МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ПАМЕТЕЊЕ

Иако со послаба посетеност, годинешниот салон на автомобили во Женева беше манифестација за паметење

Салонот во Женева ги затвори своите врати. Низ нив за 11-те дена поминаа 602 илјади посетители, кои за влезен билет платија по 16 швајцарски франци. Тоа е за 9 отсто помалку од лани, но организаторите се задоволни. Велат дека годинешната изложба била полна со квалитет, споменувајќи ги 150-те светски и европски премиери. Наведуваат и дека за првпат се претставиле 34 нови изложувачи, намерно испуштајќи го отсуството на: Ford, Opel, Volvo, Hyundai, Jaguar, Land Rover и други. Намален е и бројот на новинари кои известуваа од салонот, а кој број се задржа на околу десет илјади. Ќе се осврнеме на дел од најзначајните премиери што тие ги забележаа.

Една од најзначајните премиери на салонот на автомобилите во Женева беше новата генерација на Peugeot 208. Со изглед кој просто фасцинира, францускиот супкомпакт јасно се издвои како најатрактивен автомобил во својот сегмент. Слично уреден е и ентериерот во кој значајна новост е новиот кокпит со дигитална инструмент-табла. Покрај со унапредените бензински и дизел-мотори, новиот 208 ќе биде понуден и во електрична изведба со 136 коњски сили. Максималната брзина му е ограничена на 150 километри на час, а батериите ќе му обезбедат реална автономија од околу 340 километри. Продажбата на конвенционалните изведби на новата генерација на Peugeot 208 ќе започне годинава, додека на електричната верзија ќе почекаме уште малку.

Единствениот автомобил што вистински може да го предизвика Golf ја доби својата петта генерација. Не е толку стар, но желно беше очекуван, најмногу заради дизајнерското освежување што го донесе. Од сегашната генерација е задржано најдоброто, кое на еволутивен начин е освежено во духот на модерното време. Од Renault велат дека најсилниот адут на Clio ќе биде внатрешноста, која е нова од темел. Се забележуваат: големиот централен дисплеј, новиот мултифункционален управувач и дигиталната инструмент-табла. Новиот Clio е поставен на унапредена верзија на модуларната платформа, која му обезбедува подобра пространост.

Главна новост на штандот на Škoda во Женева, е најмалиот чешки кросовер, кој под ознаката Kamiq ќе пристигне во салоните во ноември. Тој со својот изглед се дистанцира од останатата гама на Škoda, барем засега. Широкиот отвор во подножјето на браникот и двојните светлосни елементи се атрактивно решение на кое не сме навикнати од оваа марка. Динамичната силуета завршува со краткиот и подигнат заден дел со лед-светла со повеќе функции. Опременоста треба да ги надмине рамките на сегментот, а информациите до возачот ќе стигнуваат преку виртуелниот кокпит. Понудата на мотори ќе се поклопува со онаа на Scala, која исто така е женевска премиера на Škoda.

Чесите за пролетната автомобилска смотра подготвија уште изненадувања. Тие се приклучија на електричната офанзива на групата со студијата Vision iV која најавува иден сериски модел. Со изгледот е сличен на Vision E концептот од 2017 година и претставува кросовер купе со четири врати. На него, меѓу другото, се истакнуваат ЛЕД-дневните светла што се протегаат по целата должина на предниот дел. Во внатрешноста се среќаваат решенија слични на ланскиот Vision X концепт, претставен исто така во Женева. Овој модел кој во продажба се очекува во 2021 година ќе има автономија од околу 500 километри.

Традиционално сместени спроти штандот на Volkswagen, Шпанците го крадеа ин-

www.amerit.org.mk


Aston Martin Lagonda Vision


Koenigsegg Jesko

тересот на публиката со новитетите со кои дадоа длабока перспектива во идната стратегија на марката. Иако очекуван, првиот електричен модел на Seat малку изненади со својот изглед. Ја има истата платформа како својот роднина од Волфсбург и со едно полнење на батериите може да помине околу 500 километри. Малку е повисок од него и благо кокетира со кросоверските трендови. Многу работи сè уште не се јасни, но нема дискусија дека ќе ја промени пазарната позиционираност на марката.

Со појавувањето на првиот сопствен модел, за Cupra веќе може да кажеме дека е самостојна марка. Плаг-ин хибридниот Formentor ја има очекуваната купе-кросовер форма и изгледа провокативно. Засега сè уште се води како концепт, но некои големи разлики кај сериската верзија не би требало да има. Располага со 245 коњски сили и автоматизиран DSG-менувач, а само на струја може да помине 50-тина километри.


Bugatti La Voiture Noire


Cupra Formentor

Спортските седишта се обложени со кожа, а дигиталната инструмент-табла треба да биде стандардна. Во продажба ќе се најде до крајот на оваа година.

По американската, Volkswagen ја подготви и европската верзија на Passat. Новиот преден дел доби стилски освежувања кај светлата и маската, со кои сега тој изгледа помодерно. И корекциите назад се во истата насока, но затоа внатрешноста е таа која доживеа битни промени. Во обновениот Passat се среќава најновата генерација на модуларниот инфозабавен систем со кој возилото цело време ќе биде поврзано на интернет. Моторната понуда е повеќе или помалку позната: три бензинци и четири дизели со моќност меѓу 120 и 272 коњски сили. Во програмата ќе остане и хибридната верзија која сега ќе има поголема батерија. Обновениот Passat ќе пристигне во продажните салони на Volkswagen на почетокот на есента.

E-Tron семејството на Audi доби уште еден член. Засега е концепт, но од него ќе се изроди сериски модел со ознака Q4. Планиран е за 2021 година, до кога неговиот дизајн сигурно ќе претрпи одредено припитомување. Во оваа форма плени со впечатливата маска и осветлените e-Tron натписи. Овој компактен купе-кросовер ќе има Matrix LED-светла, дигитална инструмент-табла и голем екран на инфозабавниот систем. Погонската група се очекува да биде потсмирена верзија на онаа од серискиот Audi e-Tron кој има два електромотори со 360 коњски сили и автономија од околу 400 километри. Можно е Q4 да се појави и во изведби со конвенционални мотори со внатрешно согорување.

Mitsubishi Outlander веќе навлезе во години и време му е за замена. Затоа и публиката во Женева во концептот Engelberg Tourer го препозна токму неговиот наследник. Јапонците не го потврдија тоа, декларирајќи го ова спортско-корисно возило како расадник на нови технологии. Тие сепак не


Aurus Senat


Audi Q4 e-Tron


GFG Kangaroo



Ginetta Akula

се толку футуристички бидејќи Engelberg Tourer е задвижуван со plug-in хибриден 2,4 литарски бензинец со електрична автономија од 70-тина километри. Со овој концепт се дава увид и во идниот развој на дизајнерското изразување на марката и практичноста на возилата со теренски карактеристики по кои Mitsubishi е познат.

Kia поодлучно навлегува во електричниот сегмент. Новиот концепт прикажан во Женева е дизајниран во студиото во Франкфурт и визуелно треба да ги прикаже стремежите на марката на ова поле. Агресивните линии кои предизвикуваат емоции треба да ги доловат неговите способности, за кои од Kia сè уште се воздржани. Наместо класични ретровизори има камери, а во внатрешноста се среќаваат дури 21 екран со висока резолуција. За жал, изостанаа и конкретните детали за плановите за неговата иднина. Сепак, во некаква сериска форма не треба да го очекуваме пред крајот на идната година.

Volvo не учествува на салонот во Женева, но затоа Polestar е тука и тоа со добра причина бидејќи го претстави својот втор модел. Станува збор за лимузина со атрактивен дизајн која ќе биде сериозен конкурент на Tesla. Двата електромотори развиваат вкупно 400 коњски сили, а со едно полнење на батериите може да помине 500 километри. Пластиките на браниците и од страна му даваат благ робусен изглед кој потсетува на Cross Country моделите на Volvo, а сличен впечаток оставаат и предните светла. Иако почетокот на производството му е планиран за 2020 година, познатa му е цената која ќе стартува од 40 илјади евра. Како и првиот модел на марката, ќе се продава исклучиво преку интернет.

Точно 12 месеци по претставувањето на Lagonda Vision концептот, Aston Martin го прикажа својот адут за влез во светот на луксузните теренци. Со него марката ќе се вклучи во трката што ја започнаа Rolls-Royce и Bentley. Но Британците очекуваат да биде подобар од нив бидејќи ќе има електрична погонска група. Дизајнот му е провокативен, а примената на футуристички технологии значајна. Овој маркантен модел на Aston Martin Lagonda треба да се најде во продажба во 2021 година.

Европската публика конечно можеше да ја види руската луксузна лимузина Aurus. Замислено е овој модел да предводи семејство автомобили наменети за државнички потреби. Сите ќе се засноваат на единствена модуларна платформа која во првата фаза ќе има 4,4 литарски V8 мотор со 600 коњски сили. Заедно со рускиот Rolls Royce како што го нарекуваат, во Женева пристигна и веста дека државниот инвестициски фонд на Обединетите Арапски Емирати ќе вложи 110 милиони евра во овој проект, со што ќе се стекне со 36 отсто од акциите на компанијата. Овие средства ќе бидат наменети за организација на масовно сериско производство и развој на дистрибутивната мрежа.


Imagine by Kia


Hispano Suiza Carmen


Volkswagen Passat


Italdesign DaVinci


Škoda Kamiq


Ferrari F8 Tributo

Ексклузивноста не признава никакви граници, дури ни оние што сами ќе си ги поставите. Тоа го потврдува примерот со најновиот модел на Bugatti, направен во само еден примерок по повод 110-годишнината на марката. Со ознака La Voiture Noire или во превод црн автомобил, тој е модерна интерпретација на Type 57 SC Atlantic кој основачот на Bugatti го има загубено во Втората светска војна. Механиката е добро познатата од Chiron, а каросеријата со уникатен изглед рачно е изработена од карбон. Посебно плени задниот дел со ЛЕД-светлата по цела ширина и шесте издувни цевки. Кулминација во целата приказна за него е цената, за која првобитно било предвидено да изнесува 11 милиони евра. Но, претседателот на Bugatti, Штефан Винкелман, откри дека La Voiture Noire е продаден на посебен љубител на марката за дури 16,5 милиони евра. Кој е среќникот што ќе го има, не е познато.

Ferrari во Женева секогаш пристигнува со нешто возбудливо. Овојпат тоа беше новиот F8 Tributo кој го заменува 488 GTB. Тој со изгледот го трасира патот на нов дизајнерски јазик на марката, кој во овој случај оддава почест на оригиналниот 308 GTB. Централно сместениот 3,9 литарски твин-турбо мотор располага со 720 коњи, кои до стотка ќе изгалопираат за 2,9 секунди. Максималната брзина му изнесува 340 километри на час, а нивото перформанси е подигнато со серија механички зафати, олеснета каросерија и подобрена аеродинамичка ефикасност. Првите испораки се предвидени за 9 до 10 месеци.



Mitsubishi Engelberg Tourer


Polestar 2

Во шведската мануфактура Koenigsegg не размислуваат многу за максималните брзини. Тие за нивните автомобили се нешто сосема нормално, исто како и енормниот број коњски сили. Наследникот на Agera RS кој под името Jesko беше претставен во Женева ги има 1.600 и се добиени од 5-литарски V8 мотор кој како гориво користи етанол. За нивен пренос на подлогата во Koenigsegg развија сопствен 9-степен менувач, кој овој двосед може да го дотера до 482 километри на час. Вратите и поклопците на багажникот и моторот ќе се отвораат со притисок на копче, а дисплејот на инструмент-таблата е сместен на столбот на управувачот. Во план е да се направат 125 примероци со цена од околу три милиони евра секој.

Малата британска компанија Ginetta го претстави својот нов суперспортски автомобил чиј изглед јасно укажува на неговите можности. Вистинскиот збор со кој би го опишале би бил застрашувачки, посебно ако се знае дека во него чука 6-литарско V8 срце. Развиен и произведен во Ginetta, неговите 600 коњски сили ќе го лансираат овој 1.150 килограми тежок спортист до максимални 320 километри на час. Менувачот е секвенцијален, каросеријата е од јаглеродни влакна, а цената е 400.000 фунти. Сепак, тоа не беше пречка од планираните 20 примероци за идната година, досега да бидат резервирани 14.


Peugeot 208


Piëch Mark Zero



Renault Clio


Seat el-Born


Škoda Vision iV


GoodYear Aero

Како име познато само на вистинските љубители на автомобилите, Hispano Suiza се подготвува за враќање во голем стил. Задачата за тоа ќе ја има електричниот Carmen, развиен од страна на партнерската компанија QEV Technologies од Барселона. Овој ексклузивен автомобил има шасија од јаглеродни влакна и иновативна внатрешност од композитни материјали која се одликува со луксуз. За погон се задолжени два електромотори со преку илјада коњски сили, а предвидената автономија треба да надмине 400 километри. Во план е производство на серија од само 19 примероци, чија испорака по цена од 1,5 милиони евра ќе започне во јуни, идната година.

Да беше жив, Леонардо да Винчи би бил горд на Italdesign и неговото големо купе кое ја имаше премиерата тука во Женева. Со должина од 5 м и широчина од дури 2 метри и 12 сантиметри, ова парче, автомобилска уметност, како магнет ги привлекуваше погледите на посетителите. Големите врати, носот сличен на ајкула и брзиот заден дел, никого не оставија рамнодушен. Исто беше и со технологиите наменети за него, а за кои малку се зборуваше. Повеќе се слушаше прашањето за евентуалното производство, кое би било строго лимитирано. Цената никој не ја спомена.

Кенгур од Италија во Женева може да донесат само вистински истражувачи на автомобилскиот дизајн како што се Џорџето и Фабрицио Џуџаро. Нивната студија е вонстандардна мешавина на спортско-корисно возило и суперавтомобил, чии перформанси ги обезбедува електропогон. Располага со 490 коњски сили и солидна автономија од 450 километри, а за конструкцијата се употребени алуминиум и јаглеродни влакна. Сите четири тркала се задвижувани и управувани, а возачот може да бира три позиции на клиренсот меѓу 14 и 26 сантиметри. Погледот назад го обезбедуваат камери место ретровизори, а до двете лесни седишта се стигнува преку вратите со интересен начин на отворање. Неговите творци воопшто не споменаа нешто за неговата иднина.

Семејството Пих се враќа на автомобилската сцена, овој пат преку Антон, синот на поранешниот шеф на Volkswagen групата Фердинанд Пих. Неговата прва креација со ознака Mark Zero е електрично спортско купе со две седишта и елегантен ретродизајн. Располага со три електромотори со вкупно 612 коњски сили, а проектирано е во него да може да се вгради и хибриден погон. Перформансите му се повеќе или помалку на ниво на сличните вакви возила: забрзува до сто км на час за 3,2 секунди и има автономија од околу 500 километри. Во план е да се направат и модел со четири седишта и спортско-корисно возило.


Jaguar i-Pace е европски автомобил на 2019 година

Летачки автомобили сè уште немаме, ама GoodYear веќе има тркала за нив. Тие на салонот во Женева беа пречекани како изненадување и чекор кој може да значи пресвртница во развојот на ваквите возила на иднината. При возење по земја тие имаат улога на класичен пневматик. Газечкиот слој наместо странични ѕидови се потпира на еластични елементи изведени како пропелер. При полетување, тркалата ротираат за 90 степени претворајќи го возилото во еден вид голем дрон. Визионерски замислени, овие тркала, со помош на оптички сензори, ја следат моменталната ситуација и ја контролираат беспрекорноста на сопствената структура за да се обезбеди неопходната сигурност. Во нив е вграден процесор со вештачка интелигенција со кој ќе комуницираат со инфраструктурата и со другите возила на земја и во воздух.

Иднината е во струјата, но бензинот сè уште ги краде емоциите. Најдобар доказ за тоа е титулата европски автомобил на годината која Jaguar i-Pace ја освои во тесна битка со Alpine A110. Жирито составено од 60 автомобилски новинари од 23 европски земји им додели еднаков број поени: по 250, но Jaguar имаше 18, а францускиот спортист 16 први места во гласањето и го однесе ласкавото признание. Неговата победа беше загрозена и од Kia Ceed која освои 247 поени, а ниту Ford Focus со 235 не беше многу далеку. Останатите финалисти Citroen C5 Aircross, Peugeot 508 и Mercedes A-класа останаа на пристојна оддалеченост од битката за европскиот автомобилски трон.

www.amerit.org.mk

# БУГАРИЈА – Ограничувања за товарни возила 12 т плус

На возилата со тежина над 12 тони (вклучувајќи ја тежината на приколки и полуприколки) нема да им биде дозволено да користат одредени делови од патиштата во Република Бугарија, во одредени денови и во одредени периоди. Оваа забрана важи и за земјоделски машини.



Ограничувањата се во сила на соодветните патишта и датуми како што е прикажано подолу:



**Автопатишта**

| Период | Ден | Временски период | Патишта | Дел од патот |
|---|---|---|---|---|
| 1 јуни – 15 септември, вкл. | Секој петок | 18:00 – 20:00 | Автопатот Тракија | Софија до Пловдив  (во насока кон Бургас) |
| | Секоја недела | 16:00 – 20:00 | | Бургас кон Софија во насока кон Софија |
| | Секоја сабота | 10:00 – 14:00 | Автопатот Струма | Патен пресек – Кулата ВСР во насока кон Кулата |
| | Секоја недела | 16:00 – 20:00 | Автопатот Марица | Свиленград – автопат Тракија во насока кон автопатот Тракија |

**Првокласни патишта и патишта од втора класа (идентификувани со префикс „I-“ и „II-“ соодветно)**

| Период | Ден | Временски период | Патишта | Дел од патот | Поминување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 јуни – 15 септември, вкл. | Секој петок | 17:00 – 20:00 | I-1 | Од селото Ребарково до градот Ботевград, во насока на Софија | Патот II-16 Ребарково – Своге – обиколница Софија |
| | Секоја недела | 14:00 – 20:00 | | | |
| | Секој петок | 17:00 – 20:00 | I-1 | Благоевград до Кулата ВСР (во која било насока) | x |
| | Секоја недела | 14:00 – 20:00 | | | |
| | Секој петок | 17:00 – 20:00 | I-5 | Русе до Велико Тарново (во која било насока) | x |
| | Секоја недела | 14:00 – 20:00 | | | |
| | Секој петок | 17:00 – 20:00 | I-9 | Варна до Бургас  (во која било насока) | x |
| | Секоја недела | 14:00 – 20:00 | | | |
| | Секој петок | 17:00 – 20:00 | II-99 | Бургас до Царево (во која било насока) | x |
| | Секоја недела | 14:00 – 20:00 | | | |

**Ограничувања на превози со возила над 12 тони за време на државни празници**

| Период | Ден | Временски интервал |
|---|---|---|
| Државни празници и сите периоди со два или повеќе неработни денови или државни празници | Последниот работен ден пред соодветниот државен празник | 16:00 – 20:00 |
| | Последен неработен ден (државен празник) | 14:00 – 20:00 |

| Пат | Дел од патот (на кој превозот е забранет) |
|---|---|
| Сите автопатишта | Автопатиштата: Тракија, Хемус, Љулин, Струма, Марица и Црно Море |
| I-1 | Од селото Ребарково до градот Ботевград во насока на Софија (заобиколувајќи – Патот II-16 Ребарково – Своге – обиколница Софија) |
| I-1 | Од Благоевград до Кулата ВСР, во двете насоки |
| I-4 | Коритна пресек – Велико Тарново – Шумен, во двете насоки |
| I-5 | Од Русе до Велико Тарново, во двете насоки |
| I-8 | Од Калотина ВСР до Софија, во двете насоки |
| II-8 | Обиколница Софија |
| I-9 | ОД Варна до Бургас, во двете насоки |
| II-99 | Од Бургас до Царево  во двете насоки |

*Забелешка:* Овие ограничувања за превоз не се однесуваат на возила што превезуваат: опасни материи (ADR), добиток, расипливи прехранбени производи или ладилни производи.

**ПРЕПОРАКИ:**

Возачите на возила што се предмет на ограничувања на патот се советуваат да ја проверат нивната предложена маршрута и датуми во однос на прикажаната табела за ограничувања. Се препорачува возачите да престанат со планови ако патуваат во време кога се во сила рестрикции.

**Последици од неусогласеност:**
**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ АДМИНИСТРАТИВНИ МЕРКИ**

- **Суспензија на возачка дозвола и забрана за возење од еден (1) месец – забрана за ВОЗАЧОТ,** кој продолжил да ги вози спротивно на ограничувањата во тоа време **(член 171.1, дел „г“ од Законот за патен сообраќај)**;
- **забрана за користење на возилото на патиштата во времетраење од три (3) месеци;**
- **забрана за СОПСТВЕНИКОТ,** без оглед на тоа дали тој / таа го управувал возилото или дали му дозволил на друго лице да управува со возилото спротивно на рестрикциите што постоеле во тоа време **(член 171.1, дел „п“ од Законот за патниот сообраќај).**

**САНКЦИИ:**

Санкции ќе бидат наметнати на секој возач кој продолжува да вози и покрај забраната и спротивно на ограничувањата во место во тоа време како што следува:

- **Забрана за возење за период од еден (1) месец и**
- **Парична казна од 300 лева (член 183, став 7 од Законот за патниот сообраќај).**

**Државни празници во Република Бугарија, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **1 јануари** | Нова година *(неработен ден)* |
| **3 март** | Ден на ослободување на Бугарија *(неработни денови 3 и 4 март)* |
| **26 – 29 април** | Велигден *(неработни денови)* |
| **1 мај** | Ден на трудот *(неработен ден)* |
| **6 мај** | Ден на Свети Ѓорѓи, Ден на бугарската армија *(неработен ден)* |
| **24 мај** | Ден на бугарското образование и култура и на словенската азбука *(неработен ден)* |
| **6 септември** | Ден на обединување на Кралството Бугарија и Источна Румелија *(неработен ден)* |
| **22 септември** | Ден на независноста на Бугарија *(неработни денови 22 и 23 септември)* |
| **24 – 26 декември** | Божиќ *(неработни денови)* |



## БЕЛГИЈА – Ограничувања на превозот во стоковниот транспорт

За време на викендите или на државните празници не постојат ограничувања за товарни возила.

**Вонредни транспортни превози**

**Патни забрани на автопатиштата и на другите патишта**

Движењата на возила со вонредни оптоварувања со ширина поголема од 4,00 m или должина над 30,00 m се забранети од 6 ч. до 21 ч.



На автопатиштата со помалку од три ленти по должината на линиите, со исклучок на пристапните и излезните ленти обележани со панел F5 на автопатишта со повеќе од три ленти, се забранува движење на возила со вонредни оптоварувања со ширина поголема од 3,50 m од **6 ч. до 21 ч.**

Движењата на возилата со вонредни товари се забранети на државните празници: 1 јануари, Велигден – понеделник, 1 мај, Ден на вознесение, 21 јули, 15 август, 1 ноември, 11 ноември и 25 декември. Забраната важи **од 16 часот претходниот ден до 24 часот во истиот ден.**



Движењата на возила со вонредни оптоварувања се забранети во **саботите од 12 часот до 24 часот**, освен за крановите кои не надминуваат маса од 96 т или ширина од 3,00 m.

Движењата на возила со вонредни товари се забранети **од 7 часот до 9 часот и од 16 часот до 18 часот**, со исклучок на возила со вонредни оптоварувања кои не надминуваат маса од 60 т, ширина поголема од 3,5 m или должина поголема од 27,00 m, доколку лиценцата не предвидува пропис што може да има влијание врз протокот на сообраќај на патот преку наметнување на специјални маневри или ограничување на брзината на вонредно оптовареното возило.

Забраните за возење споменати во претходните ставови што се однесува на патиштата што не се автопатишта, не се однесуваат на земјоделски возила.

Дозволата може да содржи посебни одредби кои отстапуваат од горенаведените одредби.

**Сообраќајни услови**

Движењата на возила со вонредни товари се забранети кога има снег или мраз на патот и во случај на магла, снежни врнежи или дожд намалена видливост на помалку од 200 метри.

Корисникот или возачот на возило со вонредно оптоварување или каде што е вообичаено, координаторот за сообраќај, мора да ја испита избраната рута најмалку пет календарски денови пред планираниот превоз на возила со вонредни оптоварувања.

**Државни празници во Белгија, 2019**

| | |
|---|---|
| **1 јануари** | Нова година |
| **22 април** | Велигден |
| **1 мај** | Ден на трудот |
| **30 мај** | Вознесение |
| **10 јуни** | Духовден |
| **21 јули** | Национален ден |
| **15 август** | Успение |
| **1 ноември** | Ден на сите светци |
| **11 ноември** | Примирје 1918 |
| **25 декември** | Божиќ |

*Извор:* *FEBETRA*









# СЛОВАЧКА – Ограничувања на превозите во стоковниот транспорт

| | |
|---|---|
| **Возила** | Камиони и комбинирани возила со вкупна дозволена тежина поголема од 7,5 т, камиони со вкупна дозволена тежина поголема од 3,5 т со приколка или полуприколка |
| **Област** | На автопатиштата, магистралните патишта и главните патишта (Класа 1) |
| **Забрана** | Во неделите и државните празници, од 00 ч. до 22 ч., во саботите помеѓу 1 јули и 31 август од 7 ч. до 19 ч. |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Камиони и комбинирани возила со вкупна дозволена тежина поголема од 12 т, |
| **Област** | На патишта Класа III |
| **Забрана** | Постојана |

**Исклучоци:**

- Автобуси, каравани,
- Возила на оружените сили, полицијата и словачката служба за безбедност,
- Возила што се користат за неопходни сезонски земјоделски работи,
- Возила што превезуваат медицински инструменти или биолошки или фармацевтски материјали во болници или во здравствени установи, или обезбедуваат работа на медицинска опрема во болници или медицински установи,
- Возила што се користат во комбиниран превоз или за товарење, за истоварување на бродови или возови на територијата на Република Словачка,
- Возила што се користат за културни или спортски настани, а особено за превоз на бродови, мотоцикли, коњи, птици итн.,
- Да им помагаат на возилата што се бараат при несреќи или природни катастрофи,
- Возила што превезуваат опасни материи,
- Возила што се користат за снабдување на бензински пумпи,
- Возила што превезуваат прехранбени производи или добиток.

*Возачот мора да може да докаже дека неговото возило се користи за една од горенаведените цели, доколку од него тоа го побара полицаец, за време на периодот на забраната за возење.*

**Дерогации**

Во согласност со Законот 9, §140 од 2009 година, дозволата за возење во текот на часовите на ограничување на возењето може да се добие во вонредни и неизбежни случаи, ако тоа не ја загрози јавната безбедност. Доколку овластувањето е потребно за територијата на еден регион, релевантниот Регионален сообраќаен инспекторат е надлежен да се справи со барањето за изземање. Ако дозволата е потребна за област која опфаќа повеќе од еден регион, барањето за изземање треба да биде упатено до Одделот за сообраќајна полиција на Претседателството на Полицискиот корпус, Рацианска 45, 812 72 Братислава, тел.: +421 9610 50221. Прашањето за одобренија е предмет на административни такси. Овластувањето се доделува доколку барањето е оправдано и при презентирање на заверени документи што укажуваат на потребата од транспортното работење. Овластувањето останува валидно за период од 30 дена.

| Државни празници во Словачка, 2019 година | |
|---|---|
| **1 јануари** | Нова година |
| **6 јануари** | Богојавление |
| **19 април** | Велики петок |
| **22 април** | Велигден |
| **1 мај** | Ден на трудот |
| **8 мај** | Примирје 1945 |
| **5 јули** | Свети Кирил и Методиј |
| **29 август** | Годишнина од словенечкото национално востание |
| **1 септември** | Ден на Уставот |
| **15 септември** | Богородица од седумте болки |
| **1 ноември** | Ден на сите светци |
| **17 ноември** | Ден на борбата за слобода и демократија |
| **24 декември** | Бадник |
| **25 декември** | Божиќ |
| **26 декември** | Свети Стефан |

*Извор:* ***CESMAD***

## ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 13/2019

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 178 | - | 177 |
| Андора | EUR | 1.12 | 1.25 | 1.04 |
| Аргентина | ARS | 41.66 | - | 38.03 |
| Ерменија | AMD | 430.5 | 450 | 420.6 |
| Австрија | EUR | 1.2 | 1.361 | 1.21 |
| Белорусија | EUR | 0.664 | 0.711 | 0.664 |
| Белгија | EUR | 1.468 | 1.532 | 1.528 |
| БиХ | BAM | 2.16 | 2.31 | 2.26 |
| Бразил | BRL | 4.32 | - | 3.54 |
| Бугарија | BGN | 2.14 | 2.42 | 2.34 |
| Чиле | CLP | 798 | 820 | 581 |
| Хрватска | HRK | 9.67 | 10.58 | 9.76 |
| Чешка | CZK | 30.1 | 32.48 | 30.8 |
| Данска | DKK | 11.29 | 12.07 | 9.79 |
| Естонија | EUR | 1.324 | 1.374 | 1.324 |
| Финска | EUR | 1.527 | 1.613 | 1.441 |
| Франција | EUR | 1.532 | 1.587 | 1.487 |
| Грузија | GEL | 2.32 | 2.43 | 2.49 |
| Германија | EUR | 1.375 | 1.523 | 1.256 |
| Грција | EUR | 1.555 | 1.773 | 1.361 |
| Унгарија | HUF | 368.7 | 390.2 | 390.6 |
| Ирска | EUR | 1.362 | - | 1.33 |
| Италија | EUR | 1.611 | - | 1.538 |
| Јапонија | JPY | 145.6 | 156.3 | 126.5 |
| Казахстан | KZT | 180 | - | 191 |
| Летонија | EUR | 1.184 | 1.239 | 1.174 |
| Литванија | EUR | 1.106 | 1.176 | 1.088 |
| Луксембург | EUR | 1.203 | 1.286 | 1.086 |
| Македонија | MKD | 66 | 67.5 | 60.5 |
| Мексико | MXN | 20.93 | - | 20.3 |
| Молдавија | MDL | 18.35 | 19.16 | 16.6 |
| Црна Гора | EUR | 1.23 | 1.32 | 1.19 |
| Холандија | EUR | 1.763 | 1.839 | 1.453 |
| Норвешка | NOK | 16.63 | 17.68 | 15.74 |
| Перу | EUR | 3.7 | 4.17 | 3.33 |
| Полска | PLN | 4.83 | 5.16 | 5.09 |
| Португалија | EUR | 1.547 | 1.575 | 1.438 |
| Романија | RON | 5.39 | 5.55 | 5.66 |
| Русија | RUB | 46.14 | 52.68 | 46.95 |
| Србија | RSD | 146.2 | 154.8 | 163.4 |
| Словачка | EUR | 1.3 | 1.46 | 1.24 |
| Словенија | EUR | 1.3 | 1.401 | 1.26 |
| Шпанија | EUR | 1.282 | 1.431 | 1.24 |
| Шведска | SEK | 15.89 | 16.49 | 15.84 |
| Швајцарија | CHF | 1.55 | 1.61 | 1.7 |
| Турција | TRY | 6.7 | 6.9 | 6.34 |
| Украина | UAH | 28.44 | 29.52 | 28.33 |
| В. Британија | GBP | 1.226 | 1.366 | 1.306 |
| САД | USD | 0.69 | - | 0.81 |

## КАМИОНИ

### Продавам

**Волво ФХ 12,** два камиони, нерегистрирани, во солидна состојба, со приколки платформи во пакет, екстра-цена. Може замена за камион дуплак, комбе, пикап или 4х4 возило.
**071/278-877**

**Волво ФХ,** во одлична состојба, произведен 2006 година, со еуро 5.
**076/276-118**

**Ивеко дејли Ц15,** произведено 2010 година, поминати 183.795 км, моќност 107 КВ, носивост 920 кг, места за седење – две, регистрирано до 21.3.2019 год., цена 9.100 евра.
**071/246-337**



**МАН ТГА** во одлична состојба, година на производство 2008, триосовинец.
**078/675-450**

**Ман ТГА41440,** два кипери, пет осовини, произведени 2007 год. (25 м3) и Волво, три осовини производство 2011 год. (12 м3).
**070/210-334**

**Мерцедес - Бенз Атего 1224Л,** произведен 2007 година, платени сите давачки КМ: 586.6 мишелин гуми, празно возило 6.650 кг, вкупно



11.990 кг, автоматик + типтроник клима, радио, ел. тахограф, грејачи на седишта, камера за рикверц. МББ рампа, може замена само со голф В дсг Пасат Б6 дсг или Мерцедес Е220 цди 2003-5 година. Цена 13.300 евра.
**072/226-666**

**Мерцедес Актрос 1840 + Касбохер Аутотранспортер,** произведен 2000 година, 5 степен на ретардер, 400 КС, регистриран со зелен картон до септември 2019 год., технички во одлична состојба. Приколка Касборер вариотранс произведена во 2001 година, можност за продажба само шасија, цена 6.500 евра.
**070/337-743**

**Мерцедес-Бенз 18 - 45 Актрос мп4** со еуро 6, има поминато 350.000 км, во топ-состојба, спремен за кипер со сè опрема, вграден со германска пумпа, само сериозни купувачи без никаква замена, цена 45.000 евра.
**075/230-484**

**Мерцедес Бенз 814/815 Варио,** произведен 2002 година, регистриран до 21.2.2020 г., рампа максимум 2.300 кг, носивост 3.800 кг во сообраќајна, цена 11.000 евра.
**075/305-303**

**Мерцедес- Бенз Атего блуетек 4 816 Л** со рампа, камиончето е увезено од Германија со возење, во одлична состојба е, производство декември 2007 год., бруто 7.490 кг, можност за зголемување на носивоста, должината на сандакот е 6,2 метри, гуми задни 95 %, предни 75 %, темпомат, моторна сопирачка, поминати 349.000 км, камионот е бела боја, платено е сè.
**078/555-333**



**Мерцедес - Бенз 817,** Атего 824 Кипер/кран од 2007 година, вкупна маса 8.600 кг, спер за диференцијал, кука и хидраулика за приколка, чадор за сонце, електрични стакла и ретровизори, дигалка Атлас 65.2 3.100 кг, на прва точка со далечинско, сандак Мејлер Кипер, добро сочуван, без замена.
**070/304-271**

**Скaниа Р 124 ЛБ,** специјално возило за носење на камиони багери, од 2002 година.
**070/207-063**

**Сканиа Р 410 4х2 МЛА,** еуро 6, хајлајн 2015 година, поминати 348.000 км, гориво 1.200 литри, два кревети, фрижидер, безбедносен пакет, цена 38.900 евра.
**070/311-015**

**Сканиа Р410 мега -16** од 2016 год., поминати 305.000 км, резервоари за гориво 1.400 литри, цена 49.000 евра.
**070/311-015**

**ФАП 16-20,** регистриран до август 2018, во исправна состојба, цена 3.000 евра.
**077/674-920, 070/593-120**



## АВТОБУСИ

### Продавам



**Мерцедес Травего Неокар** туристички 53+1 седишта, произведен 2007 година, со две врати, клима, кожни седишта.
**078/763-110**

**МАН и Неоплан,** се продаваат два автобуси.
**075/420-140**

**Мерцедес Бенз,** се продаваат три автобуси.
**078/486-666**

**Мерцедез - Бенз Спринтер 311** комбе 8+1, регистрирано цела година, поминати 340.000 км, има внатрешно осветлување во повеќе нијанси, цена 8.700 евра.
**075/648-522, 076/991-010**

## ДЕЛОВИ

### Продавам

**Нови резервни делови** за камиони Мерцедес, МАН, Сканиа, Даф, Мерцедес, Ивеко, исто и за приколки, плочки, гуртни, јастуци, дискови, јабучици, крстачи...
**070/229-696**

**Стоп светла за камиони 24В,** нови во кутии, димензии 47х 13 сантиметри, цена од парче 1.200 ден.
**070/288-106**

**Гуртни за триосовинци,** има и за ФАП 13/14, облоги за ламели ФИАЗ Ф=380 мм, хидраулична пумпа за волан – Прва петолетка нова од 100 бара, оди на компресор, елементи за бош пумпа од 200 кс – Прецизна механика – Београд, нов дихтунг за глава за 2Ф мотори, апарат за професионално испитување на дизни до 400 бари, германски, малку користен, алансер за ФАП 13/14 половен, исправен, може замена за автомобил до 800 евра.
**071/756-089, 077/608-771**

## ОГЛАСИ (преку SMS и e-mail)

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:
070 / 40 11 11 и 070 / 40 11 07
или како e-mail на:
bizkontakti@yahoo.com
Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса

Наскоро полицијата нема да мери само брзина по патиштата



# ДОАЃА НОВ РАДАР – КОНТРОЛИРА И МОБИЛЕН, СМС-ПОРАКИ...

Новиот радар „Sniffer Sleuth II“ дополнително отчитува и фреквенции на испраќање СМС-пораки, пренос на податоци и разговор на мобилен телефон, со кои возачите сè почесто ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот на патиштата

Американската компанија „Com-Sonics“ од Вирџинија конструирала уред што наизглед е како класичен радар за мерење на брзина на движење на возилата по патиштата, но овој дополнително отчитува и фреквенции на испраќање СМС-пораки, пренос на податоци и разговор на мобилен телефон, а како што е познато, токму овие активности на возачите при управување на возилата: пишувањето и испраќањето СМС-пораки како и телефонирањето без „hands-free“ опрема, освен што е забрането и казниво со закон, исклучително е опасно и може да заврши со трагични последици. Меѓутоа, досега полицијата ги казнуваше неодговорните возачи само во моментите кога ќе успееше да ги фати визуелно во мобилен телефонски разговор при возење, но во иднина, овој радар би можел значително да им ја олесни работата на полицајците, во контролата на овој сегмент од бесбедноста во сообраќајот на патиштата.

Новиот радар, кој го носи називот „Sniffer Sleuth II“, според произведувачите, може точно да отчита дали лицето зад воланот разговарало на мобилен или можеби пишувало СМС-пораки. Тој веќе ѝ е понуден на американската полиција на тестирање, а до неговото пуштање на пазарот ќе мора да помине уште некои сигурносни проверки.

Според една универзитетска студија во САД, употребата на мобилните телефони за време на возењето резултира со околу 2.600 смртни случаи и 330.000 сериозни повреди годишно, а истражувањата на Светската здравствена организација покажуваат дека употребата на мобилен телефон ја зголемува опасноста од сообраќајна незгода за четири до девет пати.

Ј.С.Б.

## ВИЦОВИ

Боки купил автомобил „голф“, па Ботка му вика:
- Боки, срце, колава е половина моја, сакам и јас да се научам да возам!
- Ботке, душо, колата е навистина пола твоја и нова е и сè е супер, ама не може да ја возиш зашто е со мала фабричка грешка!
- Е каква грешка?
- Ете, заборавиле на твојата страна да стават волан!

* * *

Боки и Ботка си седат дома и полемизираат околу тоа кој од нив има позначајна улога во семејството, па тој подналутено и вели:
- Добра, ма, Ботке, јас јадам - ти ми готвиш. Јас валкам - ти ми чистиш. Јас правам неред - ти ми средуваш. Па добро ма жено, што ќе правиш ти да не сум јас?

* * *

Маж, со видлив грч на лицето и целиот тетеравејќи се, влегува во болница:
- Добар ден, дојдов да ми извадите возачка дозвола!
- Господине ова е болница, не е автошкола!
- Знам, знам, ама пред малку имав сообраќајка, па оние што ги удрив ме бркаа преку три улици, ме фатија и... Ама тоа е долга приказна...и сега, ве молам, извадете ми ја возачката!

* * *

Боки со огромна џумка на главата, му се исповеда на својот матичен лекар во амбулантата:
- Докторе, си разговаравме со Ботка моја, јас во дневната, таа во кујната. Ми се слушна дека спомена „батерија“ и јас ѝ велам дека синоќа ја полнев. Таа зборела за другарка ѝ Валерија и последното на што се сеќавам е дека добив тавче во глава!

* * *

Ботка ја кара својата ќерка:
- Бре, бре, каква младина сте вие денешните деца. Имаш 15 години, секоја вечер си со друго момче, а го заборави мајкиниот 30-ти роденден!

* * *

Боки ѝ раскажува на Ботка:
- Замисли што му се случило вчера на мојот колега Коки. Се вратил дома порано од работа и ја фатил жена му со швалерот во кревет, па од силна возбуда добил инфаркт!
А Ботка на тоа:
- Тоа на тебе, злато мое, не може да ти се случи - ти имаш јако срце!

* * *

Возел Боки за Охрид и кога стигнал таму влегува гладен во една кафана. Нарачува кременадла и по десетина минути му носат една, ама многу мала. Боки му вика на келнерот:
- Добро бе, зошто е оваа кременадлава толку малечка, нели е срамота бе!?
А келнерот:
- Не мореее, не е воопшто мала, така ти се чинит зашто кафаната ја проширивме!

* * *

Ботка го бара Боки на мобилен:
- Добро кај си? Седум саат бидна, се стемни!
- Еве ма, во кафана!
- Па, ќе си доаѓаш ли?
- Еве само да се расположам уште малку... Нели рече да не ја пренесувам нервозата дома!?

* * *

Ботка му се обраќа мазно на својот Боки:
- Срцеее, сакаш да имаме виртуелен секс?
- Може ма, ај!
- Ммм, замисли, во кревет сум, светлото е придушено... горе имам само маичка, а гаќичките ги... au, ууф, станува жешко и влажно... Како ти е малиот пријател?
- Коки? Добар е, купи „ауди“ на старо, баба го возела, па утре одиме во кафана да части.

* * *

Возачот Боки му се жали на својот колега Коки:
- Кај нас дома сите се на диета - не можеш на ред да дојдеш да јадеш!

TIMOCOM

AUGMENTED LOGISTICS

# Првиот Smart Logistics System за Европа!

mk.timocom.com